Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет – Скопје
Студиска програма: Психологија

# МОРАЛНИ ЧУВСТВА, КВАЛИТЕТ НА ДРУГАРСТВО, ВОЗРАСТ И ПОЛ КАКО ПРЕДИКТОРИ НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ

(МАГИСТЕРСКИ ТРУД)

Кандидат:
Лидија Николовска-Георгиевска
Број на индекс: 4659/13

Ментор:
проф. д-р Ана Фрицханд

Скопје 2024

**СОДРЖИНА**


**ВОВЕД** ..... 1

ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОБЛЕМ, ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ ..... 2

**ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА** ..... 3

МОРАЛНИ ЧУВСТВА СРАМ И ВИНА ..... 3

Поим и дефинирање на морални чувства срам и вина ..... 3

Компоненти на вината и срамот и социјализаторски консеквенции ..... 8

Поврзаност на чувствата на срам и вина со просоцијалното и антисоцијалното однесување ..... 10

Нормативни развојни промени во доживување на чувствата на вина и срам ..... 12

Индивидуален развој на вина и срам ..... 16

Подигање на адаптивните капацитети кај децата и адолесцентите ..... 17

Полот и изразувањето на чувствата на вина и срам ..... 17

АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ ..... 18

Поим и дефинирање на агресивното однесување ..... 18

Возраста и агресивното однесување ..... 19

Полот и агресивното однесување ..... 20

Лутина и чувства на вина и срам ..... 21

КВАЛИТЕТ НА ДРУГАРСТВО ..... 23

Поим и дефинирање на квалитет на другарството ..... 23

Фактори за избор и создавање на другарството ..... 24

Нормативен развој на другарство ..... 25

Агресивно однесување и квалитет на другарство ..... 28

Полот и квалитетот на другарство низ призмата на агресивно однесување ..... 29

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ..... 30

ХИПОТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 38

**МЕТОД** ..... 39

ИСПИТАНИЦИ ..... 39

МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ ..... 40

**РЕЗУЛТАТИ** ..... 46

**ДИСКУСИЈА** ........ 69
**ОГРАНИЧУВАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ЗА ПОНАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА** ........ 84
**РЕЗИМЕ** ........ 85
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ........ **87**
**ПРИЛОЗИ** ........ **96**
**Прилог 1** ........ **97**
**Прилог 2.** ........ **98**
**Прилог 3.** ........ **99**
**Прилог 4.** ........ **115**
**Прилог 5.** ........ **124**
**Прилог 6.** ........ **126**

# ВОВЕД

Развојните психолози отсекогаш настојуваат преку своите теориски концепции и истражувања, континуирано и систематски да го проучат социо-емоционалниот, когнитивниот и сензомоторниот развој на личноста во тек на целиот животен век. При тоа се обидуваат да дојдат до прецизни сознанија и да одговорат на многу прашања.

Едно од прашањата е како да се изградат морални личности кои успешно ќе се справат со предизвиците во средината? Кои афективни морални капацитети треба да се развиваат со цел креативно да се адаптираат во социо-предметниот свет, со мотивација да креираат емпатични и хармонични интерперсонални односи? Какво е влијанието на врсниците, наставниците и родителите  и други значајни возрасни лица во развивање на овие морални капацитети кај учениците? Кое од двете морални чувства – срам или вина поттикнуваат поголема резилиентност во стресни ситуации и разрешување на конфликти? Како тие се поврзани со лутината и агресијата? Во поново време, развојните психолози големо внимание посветуваат на проучување на самосвесните морални чувства срам и вина за развој на поединци кои поуспешно ќе се носат со предизвиците во животот и ќе градат хармонични интерперсонални односи.

Голем дел од истражувачите, покажале дека кај поединците кои другите ги обвинуваат за непосакувани исходи од можностите кои им стојат на располагање, се чувствуваат безвредно и немоќно и постои поголема веројатност да се јави чувство на *срам*, додека кај оние кои самите себе се обвинуваат за слабо вложениот напор во учењето и работата постои поголема веројатност да се јави чувство на *вина* (според Tracy & Robins, 2007).

Може да се каже дека кај секој поединец постои физиолошки вроден потенцијал за агресивност кога ќе почувствува дека е загрозен, но како ќе се однесува зависи од искуството во социјалната средина. Агресијата, особено насилството меѓу врсниците, се повеќе е присутна во училишните средини, за што наставниците и сите компетентни личности во воспитно-образовниот процес се засегнати и бараат решенија за подигање на адаптивните капацитети на учениците при доживување на неуспехот во учењето или несоодветно

однесување во интерперсонални односи со другите, како и креирање на колаборативна училишна атмосфера за поефикасен трансфер на знаења и вештини.

Развојните психолози големо внимание посветуваат на проучување и развивање и на други капацитети кај учениците како што е квалитетот на другарството/пријателство и негово влијание врз агресивното однесување .

Целта е да се дојде до сознанија како да се подобри амбиентот во училиштето за да биде попријатно и постимулативно место за учење и развој на учениците како компетентни личности кои ќе создадат добронамерни интерперсонални и соодветни интраперсонални релации.

## ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОБЛЕМ, ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ

*Проблемот* со кој се занимава ова истражување е *дали и во кој степен моралните чувства на срам и вина, квалитетот на другарството, возраста и полот можат да предвидат некои аспекти на агресивното однесување кај деца од училишна возраст и адолесценти*. Следејќи го устројството на мерките на критериумската варијабла (агресивно однесување), одредено од самиот мерен инструмент, основното проблемско прашање ќе биде преточено во четири специфични задачи на истражувањето, односно одговори на следниве прашања: *(а)* дали и во кој степен моралните чувства на срам и вина, квалитетот на другарството, возраста и полот можат да го предвидат степенот на борбеност кај деца од училишна возраст и адолесценти?*;(б)* дали и во кој степен моралните чувства на срам и вина, квалитетот на другарството, возраста и полот можат да го предвидат степенот на насилство т.е. задевање и заплашување кај деца од училишна возраст и адолесценти?; (в) дали и во кој степен моралните чувства на срам и вина, квалитетот на другарството, возраста и полот можат да го предвидат степенот на лутина кај деца од училишна возраст и адолесценти?; и (г) дали и во кој степен моралните чувства на срам и вина, квалитетот на другарството, возраста и полот можат да го предвидат степенот на грижа и кооперативност кај деца од училишна возраст и адолесценти?

*Генералната цел* е стекнување на емпириски верификувани сознанија за можностите преку проектиран сет од предиктивни варијабли (психолошки категории и особини) да се предвидат интензитетот и модалитетите на некои

облици на агресивни однесувања кај децата и адолесцентите вклучени во ова истражување. Ваквите сознанија би можеле да имаат корисна апликативна вредност во воспитно-образовната практика во средината, со потенцијал за подобро и посеопфатно разбирање на некои аспекти на социјалното поведение на учениците во училишни услови. Воедно, превентивната работа со децата и адолесцентите кои имаат проблеми со агресивното однесување може да помогне да се поттикне развојот, да се поттикнат одредени капацитети кај личноста или барем да се ублажат симптомите на овој растечки вид на однесување кај училишната популација.

# ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

## МОРАЛНИ ЧУВСТВА СРАМ И ВИНА

### Поим и дефинирање на морални чувства срам и вина

Моралните чувства се клучен елемент во човековиот морален апарат, претставуваат врска помеѓу моралните стандарди и моралното однесување (Stuewing & Mashek, 2007), *поврзани се со интересите и добробитта на општеството во целина (Haidt, 2002, 2003; според* Tangney, Stuewing & Mashek, 2007); *обезбедуваат мотивациска сила - моќ и енергија на поединецот* (Kroll & Egan, 2004; според Stuewing & Mashek, 2007); срам и вина се чувства, а со *„чувствата“ се објаснува значење на взаемното дејство на когнитивни процеси и емоции* (Lewis, 2007) и имаат важни функции на интрапсихички и интерпсихички релации кај поединецот (Tangney and Dearing, 2002).

*Карактеристики на срам и вина*

Според Трејси и Робинс (Tracy & Robins 2007), моралните чувства *зависат од когницијата* (Isard, Ackermann & Schultz, 1999) и нивни *карактеристики се*:

- *самосвесност, саморепрезентација* и *самоевалуација* (Buss, 2001; Lewis, Sullivan, Stangor & Weiss, 1989; Tangney & Dearing, 2002);

- се п*ојавуваат подоцна во животот,* околу втората година (Izard et al., 1999; Lagattuta & Thompson, 2007; Louis, Alessandri and Sullivan, 1992; Stipek, 1995);
- со нив се постигнуваат с*ложени социјални цели*, а се претпоставува дека еволуирале преку природна селекција за постигнување на социјални цели, како што е заштита од групно отфрлање, стекнување или одржување на статусот (Keltner and Baswell, 1997);
- тие *немаат дискретни, универзално признаени изрази на лицето* (Izard, 1971; Keltner, 1995), највероjатно поради поврзаноста на моралните чувства со покомплексни движења на телото, почесто се изразуваат вербално и понекогаш нивното прикривање (самоконтрола) е позначајно од нивната експресија;
- тие се *когнитивно сложени морални чувства* – потребни се стабилни репрезентации на себството и свесност за себе – рефлектирање (т.е. директен фокус на внимание врз тие репрезентации).

За Кампос (Campos, 1995), Фишер и Тангни (Fischer and Tangney, 1995) моралните чувства на вина и срам играат централна улога во *мотивирање* и регулирање на речиси сите мисли, чувства и однесувања на луѓето и како важен психолошки феномен имаат јасни невробиолошки импликации врз идното однесување на поединецот, одлуките и *менталното и физичкото здравје* (според Tracy & Robins, 2007), за што постои богата теоретска литература и емпириски докази. Хајд (Hyde, 2003) смета дека со примена на двете димензии на *фокусот на проценка* (себството наспроти однесувањето) и *валентноста* (позитивна наспроти негативна) може да се конципира дводимензионален простор на моралните чувства на срам и вина (според Tangney et al., 2007).

*Разлики помеѓу срам и вина*

Емпириските истражувања докажаа дека фундаментална дистинкција помеѓу срамот и вината е во *предметот на фокусирање на негативна евалуација и неодобрување* предложена од Луис (Lewis, 1971, според Tangney & Dearing, 2002), при што срамот инволвира глобална негативна евалуација на целото себство, а вината инволвира поартикулирана негативна евалуација на специфично

однесување (Lewis, 1971; Tangney, 1990; Tangney & Dearing, 2002; Lewis, 2005; Tracy & Robins, 2004; според Tangney, Stuewig, & Mashek, 2007). Оваа диференција во фокусот (*себството наспроти однесувањето)* има далекусежни импликации за непосредното феноменолошко доживување на срам и вина, супсеквентната мотивација и идното однесување. Срамот и вината се дистинктивни морални чувства и на ниво на ситуација и на ниво на диспозиција/тенденција (според Tracy and Robbins 2007). За природата и дистинкциите помеѓу срамот и вината, долж когнитивните, афективните и мотивациските димензии постои импресивна емпириската поддршка (според Tangney, Stuewig, & Mashek 2007). Во рамки на оваа поддршка припаѓаат и *експерименталните и корелациските методи на Трејси и Робинс* (Tracy & Robins 2006) кои покажуваат дека внатрешни, стабилни, неконтролирани атрибуции за неуспех, се позитивно поврзани со срамот, а внатрешни, нестабилни и контролирани атрибуции за неуспех се позитивно поврзани со вината (според Stuewig & Tangney, 2007).

*Вината е поадаптивно чувство* и на луѓето им помага на различни начини во психолошкото приспособување и социјалното однесување (Baumeister, Stillwell, & Heatherton, 1994; Tangney, 1991 г.; според Tangney, Stuewig & Mashek, 2007). Постојат пет линии (Tangney, Stuewig & Mashek, 2007) на истражувања кои ги илустрираат адаптивните функции на вина за разлика од недостатоците на срамот.

*Диференцијален однос на вината и срамот во мотивацијата (криење наспроти промена):*

- Кај чувството на *срам себството* има две улоги – субјект/оценувач и објект/предмет на оценување и неодобрување; при доживувањето има две алтернативни стратегии за однесувањето – да *се сокрие, да избега од ситуацијата* т.е. да го сокрие ужасното себство од самиот себе и од погледите и обвинувањата на другите, за што постојат голем број на студии (Baret et. al., 1993; Lewis, 1971; Lindsay – Hartz, 1984; Tangney, Miller, & Flicer, 1992). Во феноменолошките извештаи на поединците срамот го опишуваат како *чувство на безначајност и немоќ* (Wicker, Pain & Morgan, 1983; според Tangney, Stuewig, & Mashek, 2007). Кук (Cook, 1988), како и Кауфман (Kaufman, 1985, 1989) поимот *интернализиран срам* го дефинираат како постојан и хроничен срам кој

е интегриран дел од идентитетот на некој друг и може многу концизно да се карактеризира како длабоко чувство на интерност, несоодветност или недостаток и претставува опасност за самодовербата (според Tangney и Dearing, 2002).

- *Вината* често *мотивира* акција за корекција на однесувањето – исповед, извинување, напори да се отстрани направената штета; истражувањата и теориите потврдуваат дека двете чувства доведуваат до различни „тенденции на акции“ (Lindsay-Hardз, 1984; Tangney, Miller, Flicher & Barlow, 1996; Ketelaar & Au, 2003; Lewis, 1971;Tangney, 1993; Wallbott & Scherer, 1995; Wicker, Payne, & Morgan, 1983; според Tangney, Stuewig & Mashek, 2007). Од семејната дванаесетгодишна студија на срам и вина во интерперсонални односи (Tangney and Dearing, 2002) со деца, врсници, родители, и други возрасни, во различни ситуации, истражувачите заклучуваат дека умерено болно чувство *на вина* во врска со специфично однесување ги *мотивира луѓето* да се однесуваат морално, грижливо, на социјално одговорен начин и да преземаат репаративна акција, додека интензивната болка на *срамот* е насочена кон себството и честопати мотивира отфрлање, одбранбена лутина и агресивно однесување (според Peter & Salovey, 2007).

*Срамот и вината различно се поврзани со емпатија* – вината оди рака под рака со емпатија, додека чувството на срам е поврзано со лична вознемиреност наместо со емпатија, на ниво на тенденција и состојба.

*Конструктивни наспроти деструктивни реакции на лутина/гнев* – истражувањата укажуваат на конструктивен однос помеѓу вината и лутината и деструктивен однос помеѓу срамот и лутината, забележана на ниво на тенденција и состојба.

*Психолошки симптоми* – истражувањата во последните две децении постојано покажуваат дека тенденција *кон срам* е асоцирана со широк спектар на психолошки симптоми, вклучувајќи *ниска самодоверба, депресија, анксиозност, лутина и агресивност, симптоми на нарушување во исхраната, посттрауматско стресно нарушување* и суицидни идеи (според Tangney, Stuewig & Mashek, 2007). При користење на мерките сензитивни на Луисовата (Lewis, 1971) фундаментална дистинкција помеѓу срам за себството, наспроти вина за

специфично однесување, истражувањата посочуваат дека вина „без срам“ во суштина не е поврзана со психолошки симптоми. Проблеми со вината можат да се појават кога луѓето имаат претерано или искривено чувство на одговорност за настаните (Tangney & Dearing, 2002; Zahn-Waxler & Robinson, 1995).

*Ризично, незаконско и/или неморално однесување* – емпириската поддршка за функцијата на вината е многу поголема, отколку за срамот и кај различна популација е демонстрирано дека тенденцијата кон вина е поврзана со ниското ниво на консензуално неморално однесување (Tangney & Dearing, 2002; според Stueving & Tangney, 2007). Во студијата иницијално биле проучувани деца во петто одделение, а осум години подоцна направени се анализи кои потврдуваат дека нивниот морален и емоционален стил (срам или вина) во петто одделение има предиктивна моќ во период од осум години – до критичната „крајна“ линија на однесување кај младите возрасни (18-19 години подоцна). Проценката на повисоко ниво на тенденцијата кон срам во петто одделение, подоцна во средно училиште предвидува суспензија, користење на разни видови на дрога и суицидалност, додека деца со пониско ниво на тенденција кон срам во однос на своите врсници, помалку аплицираат на колеџ или се вклучуваат во служба на заедницата. Петтоодделенците со повисоко ниво на тенденција кон вина почесто аплицирале на колеџ и за работа во служба на заедницата, а со пониско ниво на вина помалку биле насочени да направат обиди за самоубиство.

Вината и срамот се сложени, самосвесни и самообвинувачки морални чувства и инволвираат афективни, когнитивни и мотивациски компоненти различни по својата природа (Tangney & Dearing 2002; Lewis, 2007). Тие се чувства на самообвинување асоцирани со интерни атрибуции за негативни настани, оценети врз основа на сопствени или туѓи стандарди (Abramson, Seligman & Teasdale, 1978, според Tangney & Dearing 2002). Фокусот при вината е насочен кон самоевалуација на однесувањето, а поединецот презема акција во насока на корекција на несоодветното однесување (Barrett and Zahn-Waxsler, 1987; според Lewis, 2007; според Tracy & Robins 2007), со желба за покреативна адаптација, пристап кон моралните норми и воспоставување на емпатични врски со другите. Срамот, од друга страна, е чувство на немоќ, пониженост, безвредност, повлекување или обвинување на другите за сопствените грешки,

вниманието е насочено кон себството и во крајна линија доведува до лутина, бес и агресија.

Овие две чувства функционираат како емоционален морален барометар (Tangney & Dearing, 2002), обезбедувајќи непосредни и видливи повратни информации за социјалната и морална прифатеност на поединецот преку предикција на однесувањето (повратна информација во форма на антиципиран срам/вина) и вистинското однесување (повратна информација во форма на последователен срам/вина (Tangney & Dearing, 2002; Tracy & Robins 2007; Tangney, Stuewig, & Mashek, 2007; Lewis, 2007).

**Компоненти на вината и срамот и социјализаторски консеквенции**

При престап луѓето бараат причина. Постојат три димензии на каузални атрибуции: *локусот* – интерно наспроти екстерно; *глобалноста* – општо наспроти конкретно; и *стабилноста* – стабилни наспроти нестабилни (Abramson, Seligman, and Teasdale, 1978, според Tangney & Dearing 2002). И срамот и вината, според теоријата на атрибуција, инволвираат интерни атрибуции (тоа се лични доживувања), но варираат долж димензиите на стабилност и глобалност. Степенот до кој *вината* подразбира фокусирање на некои специфични однесувања, најверојатно ќе вклучи интерни, специфични и прилично нестабилни атрибуции. Спротивно на тоа, *срамот* инволвира фокусирање на глобалното себство и најверојатно при негово доживување ќе вклучи интерни, стабилни и глобални атрибуции. Чести епизоди на срам минливо ја намалуваат самодовербата, затоа што глобалната самодоверба е стабилна особина која инволвира една генерална евалуација на себството и главно не зависи од специфичните ситуации (според Tangney & Dearing 2002).

*Повеќето истражувачи* (пр. Covington & Omelich, 1981; Brown & Weiner, 1984, според Tracy & Robins, 2006), покажале дека кај поединците кои обвинуваат за непосакувани исходи од *можностите* кои им стојат на располагање (внатрешен, стабилен, неконтролиран фактор), постои поголема веројатност да се јави чувство на *срам* (во прашање е ранетото себство/јас), додека кај оние кои обвинуваат за слабо вложениот напор во работата

(внатрешен, нестабилен, контролиран фактор) постои поголема веројатност да се јави чувство на *вина*.

Според когнитивно-развојните теории за морален развој, поточно теориите на Пијаже и Колберг, моралниот развој се одвива во стадиуми и зависи од когнитивните структури и од социјалните искуства. Според Колберг (Kohlberg, 1996) на *најниското ниво на морално расудување*, луѓето се фокусираат на конкретни идеи за доброто и лошото (пр. „Тоа е правило/постои правило") и консеквенциите за себството (пр. „Имам проблеми/во неволја сум"). При сукцесивно повисоко ниво на морално расудување, аргументите се покомплексни и помалку егоцентрични, инкорпорирајќи поими на заедница, право/закон и реципроцитет (пр. „Праведност за заедничко добро") (Tracy and Robbins, 2007; Tangney & Dearing, 2002;). Услов за премин на највисокото и последно ниво на морален развој, е сфаќање за релативноста на моралните начела и различни дефиниции за доброто и лошото во зависност од културата и општеството (Мурџева-Шкариќ, 2009). Недостатоци на когнитивно-развојните теории за моралниот развој, се: систематски воопшто не ги разгледале моралните чувства и ја игнорирале моралната мотивација. Всушност нема сознанија за асоцијација помеѓу аспектите на морално расудување на Колберг и моралните чувства (Kohlberg, 1996, според Tangney & Dearing, 2002).

Моралните одлуки и моралното однесување зависат од морални стандарди, морално расудување и морални чувства. Моралните стандарди ги репрезентираат индивидуалните знаења за културно-дефинирани морални норми и конвенции; моралното расудување и моралните чувства најверојатно играат клучна улога во детерминирање на актуелниот морален избор и однесување во реалноста. Моралното расудување инволвира размислување преку импликации на алтернативните однесувања во склад со моралните принципи. Индивидуалните разлики во капацитетот на доживување на вина, срам и емпатија треба да бидат повеќе директно поврзани со однесувањето кое зависи од индивидуалните разлики во ниво на расудување (Tangney & Dearing, 2002; Tracy and Robbins, 2007).

**Поврзаност на чувствата на срам и вина со просоцијалното и антисоцијалното однесување**

Вината оди рака под рака со емпатијата насочена кон другите и ја зајакнува самодовербата, додека срамот не овозможува поединецот да формира емпатични врски со другите. Напротив, може само да ја наруши врската и да доведе до посиромашно себство (Joireman, 2004; Leith & Baumeister, 1998; Tangney, 1991, 1995; Tangney & Dearing, 2002; Tangney et al, 1994, според Tracy, Robins, & Tangney, 2007). Дополнително, емпатијата е негативно поврзана со голем број на асоцијални однесувања меѓу кои и агресивноста (Jolliffe & Farrington, 2004; Miller & Eisenberg, 1988, според Stuewig & Tangney, 2007). Како морален афективен капацитет, емпатијата го насочува поединецот во морални насоки, овозможувајќи му точно да ги интерпретира интерперсоналните настани, сензитивно да одговори на чувствата на другите и уште позначајно да воочи кога неговото однесување неповолно влијае врз другите, мотивирајќи го да преземе корективни мерки за подобрување на ситуацијата (Tangney & Dearing, 2002). Огромен корпус на теоретска и емпириска литература потврдува дека емпатијата го поттикнува алтруистичкото однесување (Eisenberg, 1986, 2000; Eisenberg at al., 1996; Feshbach, 1975b, 1978, 1987; Feshbach & Feshbach, 1986; Eisemberg & Miller, 1987); ги поттикнува блиските интерперсонални односи, но ја инхибира интерперсоналната агресија (Eisenberg, 1996, 1982, 1986; Sarni, 1999; Miller & Eisenberg, 1988); таа е круцијална компонента во функционалните односи родител-дете (Feshbach, 1987), во индивидуалната апликативност на моралните принципи, во интерперсоналните односи во секојдневната комуникација (Eisenberg, 2000; Hoffman, 1987; Saarni, 1999; Miller & Eisenberg 1988), како и во други интеракции (според Tangney & Dearing, 2002).

Група истражувачи прават дистинкција помеѓу кон другите ориентирана емпатија и кон себството ориентиран персонален дистрес (Batson, 1990; Batson & Coke, 1981; Davis, 1983; Fultz, Batson, Fortenbach, Mc Carthy & Varney, 1986; според Tangney & Dearing, 2002), како посебна подгрупа на емпатијата интензивно поврзана со вулнерабилност, несигурност и страв (Davis, 1983; според Tangney & Dearing, 2002). Персоналниот дистрес е поврзан со чувство на срам, а повеќе студии покажуваат дека персоналниот дистрес не е поврзан со

алтруизмот (Batson et al., 1988; според Tangney & Dearing, 2002). Постојат докази дека истиот интерферира со просоцијално однесување кај децата (Eisenberg, Fabes, Carlo, et al., 1993; Eisemberg, Fabes, Miler et al., 1990; според Tangney & Dearing, 2002) и адолесцентите (Estrada, 1995; според Tangney & Dearing, 2002). Истражувачите, конзистентно тврдат дека постои синергија помеѓу вина и емпатија (пр. Eisenberg, 1986; Hoffman, 1982; Zahn-Waxler & Robinson, 1995; според Tangney & Dearing, 2002).

Лутината е негативна емоција која инволвира атрибуции на обвинување и се јавува уште од првите месеци на животот (Ekman, Friesen, & Ellsworth, 1982; Izard, 1977; според Tangney & Dearing, 2002). Во општествената свест на луѓето, лутината има голем позитивен и негативен потенцијал (Tangney & Dearing, 2002).

Истражувањата укажуваат на постоење асоцијација помеѓу срамот и лутината, забележана на ниво на тенденција и на состојба. На пример, истражувањата спроведени со испитаници од различни возрасни групи индицираат дека тенденцијата кон срам е во позитивна корелација со лутината и резултира во непријателството и тенденцијата да се обвинуваат другите (Andrews, Brewin, Rose, & Kirk, 2000; Bennett, Sullivan, & Lewis, 2005; Harper, Austin, Cercone, & Arias, 2005; Harper & Arias, 2004; Paulhus, Robins, Trzesniewski, & Tracy, 2004; според Tangney & Dearing, 2002).

Во студијата со возрасни испитаници спроведена од Аверил (Averill, 1982; според Tangney & Dearing, 2002), е потврдено дека лутината има адаптивна и конструктивна функција, со долгорочни консеквенции за подобрување на интерперсоналните односи, особено кај луѓето кои имаат тедненција кон вина при доживувањето на личната лутина. Тенденцијата кон вина, за разлика од срамот, е во асоцијација со повеќе конструктивни одговори на лутината (пријателска дискусија, когнитивни репресалии/реинтерпритирање на мотивите на настанот, споделување на афективна состојба, преземање директна корективна акција за менување на однесувањето) и намалување на инклинирањето кон агресија (Tangney, Wagner, Hill-Barlow, Marshall, & Gramzow, 1996).

Резултатите од низа студии (според Tangney et al., 2007) се прилично конзистентни во тоа дека тенденцијата кон вина незначително или негативно е асоцирана со лутината, непријателството и агресијата, додека тенденцијата кон

срам позитивно е асоцирана со лутината и агресијата. Поединците кои доживуваат срам немаат само тенденција кон лутина, туку и својата лутина ја манифестираат на неконструктивен начин задржувајќи ја само за себе. Поединците кои се мотивирани од чувство на вина ја прифаќаат одговорноста за несоодветното однесување и можат да ја инхибираат интерперсоналната лутина и непријателството. Соодветно на ова, одредени истражувачи (Roos, Hodges & Salmivalli, 2014) ја потврдиле адаптивната природа на вината во поглед на просоцијалното однесување, како и маладаптивноста на срамот во однос на намалување на просоцијалното однесување.

Различните социјални ситуации можат да влијаат врз интерпретацијата на специфичните однесувања релевантни во поглед на поврзаноста на моралните чувства на вината и срамот од една страна, со повлекување и агресија од друга страна (Peets, Hodges, & Salmivalli, 2008), како и стабилноста на повлекувањето и агресијата при нивното мерење на кратки временски интервали (Pellegrini, 2002). Треба да се спомнат можните заеднички ефекти на чувствата, когницијата и регулационите механизми кои би можеле да влијаат врз промените во повлекувањето и агресијата, при што тенденцијата кон срам може да ја модифицира асоцијацијата помеѓу агресорската когниција и однесувањето (Kochanska, Barry, Jimenez, Hollatz, & Woodard, 2009). Врската помеѓу срамот и агресијата е посуптилна во споредба со врската помеѓу вината и агресијата.

## Нормативни развојни промени во доживување на чувствата на вина и срам

Тенденцијата на поединците да доживеат срам и вина е под влијание на широк спектар на фактори: темпераментот во раното детство, родителски и други социјализаторски фактори и културното опкружување (Tangney & Dearing, 2002). Срамот и вината се учат во рамките на социјалното опкружување, преку: набљудување, моделирање и вербално пренесување (Eisenberg, 2000; според Tracy & Robins, 2007), при што се потенцира важноста на семејниот контекст. Стиловите на социоемоционално врзување на децата се под силно влијание на родителските практики и верувања, додека родителските практики зависат од интеракциски односи во семејството,

афективните карактеристики на членовите, како и од афективните карактеристики на самите родители (Tangney & Dearing, 2002). Родителските практики и верувања влијаат врз моделирање на срам и вина испраќајќи вербални, афективни и бихевиорални пораки. Истражувачите го нагласуваат семејството како значаен систем за интергенерациски континуитет на привrзаноста (Benoit & Parker, 1994), депресијата (Whitbeck et., al., 1992), агресијата (Widom, 1987, 1989), и грубото родителство (Simons, Whitbeck, Conger, & Wu, 1991; според Tangney & Dearing, 2002).

Квалитетот на односот родител – дете зависи од емоционалната топлина и благовременото задоволување на детските потреби, особено од најраните години на животот (Мурџева- Шкариќ, 2009), како и од формирање на централното јадро на моралната чувствителност – свесност за возрасни стандарди и социјални правила, идејата за одговорност и соодветни модели на социо-морално однесување (Dunn, 1988; според Мурџева-Шкариќ, 2009). Во спротивно, користењето на дисциплински пораки со презир, задевање, условено одобрување и ускратување на љубовта, е асоцирано со развој на чувство на срам (Tangney & Dearing, 2002).

Развојот на самосвесните емоции и ставови на децата во врска со овие емоции треба да се разгледа во рамки на поголеми културни системи и верувања, особено на концептуализација за себството (според Lagattuuta & Thompson, 2007). Родителите секојдневно ги пренесуваат културните верувања и очекувања на децата во однесувањата и достигнувањата и тие влијаат врз детското разбирање и доживување на самосвесните емоции. Во една студија, авторите заклучиле дека децата од западните и незападните култури се разликуваат во однос на тоа дали лутината или срамот се посоодветни афективни реакции при интерперсонални тешкотии, како и за нивното разбирање на општествени конвенции кои бараат прикажување на позитивни и негативни емоции (Cole, Brushi & Tamang, 2002; според Lagattuuta & Thompson, 2007). Во друга студија се опсервирани американски и кинески мајки како зборуваат за несоодветното однесување на нивното дете во присуство на детето. Притоа, американските мајки имале тенденција да ги атрибутираат недоличните однесувања на своите деца како живост/палавост, додека кинеските мајки/кинеско-американските мајки повеќе го потенцирале

срамот за недолично однесување на своето дете (Miller, Fung& Leung, 2003; според Lagattuuta & Thompson, 2007).

Почетокот и развојот на чувствата на срам и вина зависат од стекнување на неколку когнитивни вештини: (1) чувство на самосвест и капацитет за размислување за себе, (2) знаење за општествените правила и капацитет за проценка на сопствените однесувања според овие стандарди и (3) способности за заземање туѓо гледиште (Tracy & Robins, 2007; Muris & Meesters, 2014; според Broekhof, Bos & Rieffe, 2021; според Tangney & Dearing, 2002). Срамот се појавува околу втората година, додека вината бара пософистицирани когнитивни капацитети и типично не е забележана пред 8-та година (Ferguson et al., 1990a, 1990b, 1991; според Tangney & Dearing, 2002). Студиите спроведени со деца, адолесценти и возрасни, сугерираат за развојните промени во природата на чувствата на вината и срамот, како и за индивидуалните диференции во моралните стилови на моралните чувствата (според Tangney & Dearing, 2002).

Во училиште децата стекнуваат нови искуства со врсниците со кои се компарираат во способности, образовни и социјални вештини и размислуваат како се оценети и прифатени надвор од семејството (Higgins, 1991; Roubai & Frey, 1991; според Lagattuta & Thompson, 2007). Од осмата година, во стадиумот на конкретно – логичко мислење, според истражувањата, се развива внатрешен водич (нормите) за тоа што треба да бидат за да ги прифатат другите и започнуваат да прават дистинкција помеѓу нестабилни и стабилни атрибути (пр. атрибути за однесување наспроти атрибути за карактер/способности) при доживувања на вина и срам (Ferguson at al., 1990a, 1990б, 1991; според Tracy, Robins, & Tangney, 2007), како и дали самиот поединец е респонсивен на негативни консеквенции (Thompson, 1987; Weiner and Graham, 1989; според Lagattuuta & Thompson, 2007). Сродни студии покажале дека постарите деца атрибутираат повеќе срам наспроти вина за луѓе кои се понекомпетентни од нивните врсници и за оние кои сториле морални прекршоци, отколку да наведуваат други кои мислат лошо за нив (Ferguson, Stagge & Damhuis, 1991; според Lagattuuta & Thompson, 2007). И овие наоди се конзистентни со концепциите за возрасните дека срамот произлегува од самоосуда на себството, додека вината произлегува од самоосуда на сопственото однесување (Tangney & Dearing, 2002). Во лонгитудиналните студии, од исказите на возрасните,

разликите во доживеаната вина и срам се поприсутни, што покажува дека вината продолжува да се развива како дистинктивна тенденција од срамот и после средното детство (Tangney, 1992; Tangney et al., 1994; според Tangney & Dearing, 2002).

Периодот на адолесценција е проследен со бурни развојни промени. Моралноста се доживува низ помногубројни и покомплексни интеракциски односи со социјалната средина. Однесувањето се темели на взаемно почитување на општествени правила и норми – фокусот е кон законот и редот како непобитни нешта (Фрицханд, 2010). Притоа, правилата се интегрирани во когнитивните структури и повисокото ниво на когнитивната структура – формално-поимното мислење им овозможува дедуктивно-логички да заклучуваат при самоевалуација на сопствените однесувања со зголемена способност за метакогниција (Flavell, Green, & Flavell, 1995; според Tracy, Robins & Tangney, 2007). Самодовербата ја засноваат врз самоевалуација на сопствените компетенции во области важни за нив. Моралните капацитети се поразвиени и прават порелијабилна дистинкции меѓу срамот и вината во компарација со детството. Вината својот капацитет го развива и по детството, за што говорат повеќе студии (Tangney & Dearing, 2002). Некои истражувачи (Williams & Bubee, 1994; според Tangney & Dearing, 2002) демонстрираат дека адолесцентите ја спомнуваат вината почесто во однос на децата преку недејствување, занемарување на одговорност и неуспех да се постигнат целите. Децата повеќе се фокусираат на конкретни, видливи постапки што е спротивно од адолесцентите, кои се за признавање на помалку видливи неуспеси и престапи што може да го надминат времето и местото.

Во овој период од развојот има значајни промени и во интернализацијата на правилата, па при евалуацијата на нивното однесување се потпираат на сопствени правила (Ferguson et al., 1001; според Tangney & Dearing, 2002). Семејните вредности и норми се зачувани иако адолесцентот е во период на индивидуација, каде постои нагласена хипокризија (Фрицханд, 2010). Тие имаат зголемена насоченост кон сегашноста и иднината во однос на себе, како и зголемена сензитивност за промени во средината. Многу истражувачи сугерираат дека емоционалните врски со блиски пријатели им обезбедуваат чувството на сигурност, а поддршката влијае врз размислувањето за себе и начинот на процесирање на информациите (McDonald, Wang, Menzer,

Rubin & Booth-LaForce, 2011). Податоците од едно истражување за вредностите на адолесцентите и нивните родители во Македонија покажуваат значајна статистичка разлика меѓу вредностите на адолесцентите и нивните родители, при што, адолесцентите имаат полиберални морални ставови од нивните родители; присутна е појава на суспензија на вредности (помало претпочитување на чесност, совесност, великодушност и помагање); намалување на просоцијална ориентација. Притоа сите испитаници посакале враќање на изгубените вредности и општествената сигурност. Ваквите наоди се објаснуваат со бурни структурни и културни промени во општествените услови на живеење (Фрицханд, 2007, според Мурџева-Шкариќ, 2009).

**Индивидуален развој на вина и срам**

Извори на индивидуалните разлики во процесите на самоевалуирање се темпераментот и процесот на социјализација на себството (Lewis, 2007; според Tracy, & Robins 2007). Истражувањата потврдуваат дека најрано во средното детство, луѓето имаат добро дефинирани, конзистентни морални чувства (Tangney & Dearing, 2002). Некои деца со леснотија можат да се соживуваат со другите/да се емпатични со мотивација за корективна акција, другите пак спротивно, покажуваат мала сензитивност за чувствата на другите кога ќе направат прекршок. Ова способност, најверојатно се должи на недостаток на капацитет за вина или тенденција кон срам што мотивира негирање, екстернализација на вина, лутината и агресија.

Нема доволен број на студии кои директно го проучувале влијанието на биолошката компонента во моралните чувства кај децата. Во студијата на 82 монозиготни и 78 дизиготни близнаци (Zahn-Waxler and Robinson, 1995; според Tangney & Dearing, 2002), пронајдена е релативно силна генетска компонента за срамот, со многу слаби заеднички ефекти со животната средина. Индивидуалните разлики во тенденцијата кон вина се појавуваат под поголемо влијание на средината и помалку се детерминирани од генетските фактори (Tangney & Dearing, 2002).

## Подигање на адаптивните капацитети кај децата и адолесцентите

Предизвиците со кои се справуваат учениците се: самоевалуација на сопствено однесување и прифатеност од врсниците во склад со социјалните норми, свесност за своите знаења и вештини, чувство на припадност во средината и стекнување на другари. Важна образовна компонента на ученикот е способност за поефикасно справување со неуспех, за што постојат добри и лоши ефекти (Dweck & Leggett, 1988; според Tangney & Dearing, 2002). При неуспех (пр. во учење) некои ученици доживуваат вина, доживуваат тензија, болка и преземаат нови задачи, бараат нови информации и стратегии за да го надминат неуспехот, фокус на вниманието е насочен кон однесувањето кое е минливо и може да се коригира. Други ученици повеќе се фокусираат на неуспехот што се рефлектира на нивното чувство на себевреднување (self-worth) и најверојатно ќе доживеат срам кој предизвикува поинтензивна болка, безвредност, немоќ и речиси престануваат да се обидуваат да го променат однесувањето, а со тоа ќе ги намалат и идните можности за успех (Tangney & Dearing, 2002).

Голем дел од акумулираните истражувања индицираат дека вината е конструктивно морално чувство ориентирано кон иднината, кое ги подобрува интерперсоналните односи и капацитетите на однесувањето кај поединецот (Tangney & Dearing, 2002). Стратегии за поттикнување на морално-адаптивни капацитети кај учениците (Tangney & Dearing, 2002) за родители и наставници се: поттикнување на свесност и разбирање на динамика на срамот и вината; редуцирање на срамот и индуцирање на вина кај себе и кај учениците; помагање на децата да стекнат социјални вештини за рационална и конструктивна дискусија во ситуации на лутина и агресија; развивање на емпатија и креирање на емотивно- топла атмосфера за учење и развој.

## Полот и изразувањето на чувствата на вина и срам

Во дел од лонгитудиналните истражувања (Tangney & Dearing, 2002) утврден е меѓугенерациски трансфер и не е утврдена полова разлика во тоа кои од чувствата се позастапени кај мажите и кај жените. Истражувањата го побиваат и контроверзниот Фројдов (Freud) заклучок дека жените имаат

неразвиен центар за моралност поради послабо формирано супер-его како последица на послабо доживување на кастрационен страв во едипалната фаза. Срам и вина се „супер-его“ чувства и како капацитети можат подеднакво да ги уживаат сите жени и мажи со можност за поголема тенденција кај жените во однос на мажите (Tangney & Dearing, 2002).

## АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

### Поим и дефинирање на агресивното однесување

Теоријата на учење по модел го застапува мислењето дека агресивноста е резултат на изложувањето на организмот на фрустрациски искуства и поткрепување (пофалба или прекор), при што постои можност за зголемување или намалување на количината на агресивното однесување во хиерархијата на другите однесувања (Feshbash, 1970; според Мурџева-Шкариќ, 1984).

За Тангни и Диринг (Tangney and Dearing, 2002), агресија (вербална или физичка) е бихејвиорална реакција насочена кон нанесување на штета или болка на друг и според истражувања на Аверил (Averill, 1982; Tangney and Dearing, 2002), таа е неадаптивна реакција на лутина.

Мурџева – Шкариќ (1984), преку разгледување на конкретни примери од истражувањата на половите разлики при манифестирање на агресивноста, заклучува дека: агресивното однесување во една ситуација на интеракција зависи од очекувањата што постојат во врска со улогите на единките во определена група; почестото јавување на агресивно однесување кај момчињата не се должи на биолошки фактори, туку тие се културно-историски условени, а во тек на индивидуалниот развој се стекнуваат диспозиции или тенденции за агресивно однесување по пат на социјалното учење. Личното искуство и социјалното учење ги определуваат зачестеноста и интензитетот со кои се јавува агресивното однесување.

Постојат убедливи индикации за значителното влијание на наследната компонента во развојот на агресивното однесување. На пример, пронајдена е корелација помеѓу нивото на хормони и врсничката проценка за вербална и физичка агресија (особено осветничката), како и предикативниот карактер на врсничките проценки за агресивното однесување и други антисоцијални

однесувања. Дополнително, индивидуалното ниво на агресија со тек на годините речиси и не се менува и покрај разновидните влијанија на средината (Vasta, Haith, & Miller, 2005). Истражувања на близнаци во Холандија и Велика Британија, покажале значителна генетска корелација (0.76-0.85 кај холандските и 0.64-077 кај британските примероци) и соодветна стабилност во агресијата. Од друга страна, самите автори ја посочиле потребата за рано делување при појава на знаци на агресија, користејќи ги сите достапни методи. Авторите забележале и дистинкција помеѓу примероците по полова и културолошка линија, што укажува на релевантна, иако недоминантна, techninска компонента во поглед на агресијата (Porsch et al., 2016).

Насилството меѓу врсниците (булинг), е едно од најчестите изрази на насилство за време на училишните години и се карактеризира со повторливост, долготрајност, нерамнотежа на моќ – насилникот има одредена предност врз жртвата на насилството како физичка сила и големина, социјална позиција, авторитет, популарност и може да е предизвикано од еден или група на врсници/насилници. Насилството често се дефинира како системска злоупотреба на моќ од страна на врсниците (Menesinia & Salmivalli, 2017).

**Возраста и агресивното однесување**

Според Мурџева – Шкариќ (2009), агресијата кај децата се изразува преку: *инструментална агресија*, однесувањето е насочено да се повреди или да се земе, оштети туѓ предмет и се јавува кај децата од 2-6 години*; реактивна агресија*, се јавува при намерна или ненамерна повреда - вербална или физичка која започнува на 2 години и се очекува да се запре на 6 год; *релациона агресија,* се препознава во навредување или отфрлање на некое лице, намерно исклучување од социјалната група и сл.; *агресија врз жртва*, жртвата не може самата да се одбрани, агресијата се повторува преку физички или вербален напад, насилникот и жртвата немаат самоконтрола и се препорачува да се спречи во предучилишниот период. Хартап (Hartup, 1974), како и МекКејб и Липскомб (McCabe & Lipscomb, 1988), наведуваат дека инструменталната агресија преовладува во рана возраст, а вербална и непријателска агресија во училишната возраст и продолжува и понатаму во подоцнежните години (според Vasta et al., 2005).

## Полот и агресивното однесување

Се поставува прашањето дали помеѓу половите постојат квантитативни или квалитативни разлики во поглед на агресивноста, или пак ги има и двете? Според Васта и соработниците (Vasta et al., 2005), половите разлики во однос на агресијата се цврсто докажани во истражувањата на Кровел (Crowell, 1987), и Игли и Стефин (Eagly & Steaffin, 1986). Во предучилишна возраст момчињата се поагресивни (Cummings, Ianotti & Zahn-Waxler, 1989; Hyde, 1986; според Vasta et al., 2005). Така е и во текот на основно училиште (Eron et al, 1983; Parke и Slaby, 1983; според Vasta et al., 2005), додека во погорните одделенија, па до крајот од основното училиште се јавува уште една разлика меѓу половите, а тоа е агресија кај момчињата кон истиот пол која е физичка. Агресијата на момчињата кон девојчињата значајно се намалува (Cairns et al., 1989; според Vasta et al., 2005). Земено во целина, половите разлики во агресивното однесување се намалуваат во младоста (Hyde, 1986; според Vasta et al., 2005). Агресивното однесување, кај девојчињата со зголемување на возраста, по својата природа се повеќе станува социјално (пр. нарекување со погрдни имиња и озборување), додека во адолесценцијата е поизразена вербалната агресија.

Едно од гледиштата е дека и двата пола се еднакви по агресивната мотивација, со таа разлика што девојчињата учат својата агресија да не ја манифестираат отворено. Сепак, потребно е да се потенцира дека постои значителна варијабилност во резултатите од истражувањата, во зависност од методите кои се користат за да се мери агресијата, како и од индивидуалните особини на адолесцентите во групата испитаници (Estevez, Povedano, Jimenez & Musitu, 2014).

Истражувањето на Смит, Лопез-Кастро, Робинсон и Горзиг (Smith, López-Castro, Robinson, & Görzig, 2019) покажува дека преваленцата на одредени типови на насилство може да варира со културолошките и полови норми и постоењето на варијации во соодносот машки наспроти женски. Полот во комбинацијата со културолошки норми би довел до тоа девојчињата да бидат поранливи на релационите типови на насилство, додека момчињата може да бидат поранливи на типовите на насилство каде уникатноста и независноста може да се изрази преку директна агресија и борба. Во тој контекст, типот на насилство може да варира со силата на културолошките норми, што е во

согласност со социокултурниот пристап на размислување за насилството застапуван од Маундер и Крафтер (Maunder & Crafter, 2018).

Половите разлики во насилството често се толкуваат во контекст на полова социјализација и нормативни очекувања за однесување кај момчињата и девојчињата. Феликс и Грин (Felix & Green 2010; според Smith, López-Castro, Robinson, & Görzig, 2019), на пример, ова го интерпретираат според начинот на кој децата се социјализирани за да ја перципираат и користат моќта во социјалните односи. Традиционално, начинот на кој се замислува агресијата и насилството (со предоминација на физичка експресија) дава едно објаснување за поголемиот ризик за појава кај момчињата.

Како докази дека поголемата агресивност кај машките има биолошки корени, Мекоби и Џеклин (Maecoby & Jacklyn, 1974; според Мурџева-Шкариќ, 1984) ги наведуваат следниве аргументи: нивото на агресивност зависи од половите хормони; постои сличност во манифестирањето на половите разлики во агресивноста меѓу човекот и субхуманите примати и интеркултурно гледано, агресивноста е универзална. Истите автори како докази навеле дека момчињата се повеќе биолошки подготвени да го научат агресивното однесување. Тие ги наведуваат и сознанијата кои произлегуваат од повеќето истражувања, според кои не постои согласност дека возрасните повеќе ја поткрепуваат агресивноста кај момчињата од онаа кај девојчињата.

## Лутина и чувства на вина и срам

Срамот и лутината се поврзани (Lewis, 1971; според Stuewig & Tangney, 2007), а срамот при одбрана лесно може да премине во лутина, понекогаш и во агресивно однесување (Scheff, 1987; Gilligan, 1996; Lewis, 1995; Tangney, 1992; според Tangney & Dearing, 2002). Во основата на *екстернализираната вина* лежи срамот, при што грешката никогаш не се коригира, бидејќи срамот е многу непријатно чувство на безвредност, недостаток на контрола, мотивира избегнување и сокривање (Barrett, 1995; Lewis, H. B., 1971; Lindsay- Hartz, 1984; Tangney, Miller, Flicker, & Barlow, 1996; според Tangney и Dearing, 2002). Тоа може да доведе до зголемување на срамот, кој последователно води директно назад кон лутината и понатаму во деструктивно однесување како агресија, односно „срам-лутина спирала“, како што ја опишале Луис (Lewis, 1971; според

Stuewig & Tangney, 2007) и Шеф (Scheff, 1987; според Stuewig & Tangney, 2007). Притоа, сликата за реалноста е искривена, а себството е празно.

Тангни и соработниците (Tangney et al., 1996) во една студија, дошле до сознанија за позитивна корелација помеѓу тенденција кон срам и физичката агресија во независни примероци на возрасни, адолесценти и деца и врската помеѓу тенденцијата кон срам и вербална агресија за возрасни, студенти, адолесценти и деца. Испитаниците со тенденција кон вина постојано биле негативно колерирани со вербална и физичка агресија кај сите учесници. Во два одделни примероци студенти на додипломски студии, Паулус и соработниците (Paulhus et al., 2004, според Tracy, Robins, & Tangney, 2007) утврдиле позитивна врска помеѓу тенденцијата кон чувството на срам и вкупната агресија и негативна врска помеѓу чувството на вина и вкупната агресија. Во друга студија на деца помеѓу 5 и 12 години, манифестираните симптоми на агресија и деликвенција биле позитивно поврзани кај момчиња и девојчиња со тенденција кон чувство на срам. Манифестираните симптоми на асоцијално и ризично однесување биле негативно поврзани со чувството на вина кај момчињата, но не и кај девојчињата за кои, пак, постоела позитивна врска (Ferguson, Stegge, Miller, & Olsen, 1999). Иако врската помеѓу срамот и директна физичка агресија е помалку постојана отколку кај срамот и лутината, ова може да се должи на ограничување на опсегот на зависната варијабла. Тангни и соработниците (Tangney et al., 1996) констатирале дека постојат проблеми со операционализација на зависните варијабли и истражувачите кои проучувале неклинички примероци честопати не правеле дистинкција помеѓу сродните конструкции, збунувачка агресија со лутина, непријателство, екстернализација на вина и/или друго проблематично однесување (според Tangney and Dearing, 2002).

Стувиг и Тангни (Stuewig & Tangney, 2007) го истражувале односот на чувствата на вина и срам со засебните форми на агресија (физичка и вербална), користејќи повеќе примероци. Авторите користеле поосетливи мерки на агресија, при што секоја последователна поврзаност помеѓу параметрите би била како резултат на посредството на *екстернализација на вината*. Анализата на постигнатите резултати била во согласност со моделот на непосредната врска помеѓу тенденцијата кон срамот и физичка или вербална агресија, откако била вклучена екстернализација на вината. Сепак, имало

значителна индиректна врска со екстернализација на вината кај сите примероци. Спротивно на тенденцијата кон срамот, тенденцијата кон вината треба да ги поттикне емпатичните чувства и процеси, со што се намалува агресијата насочена кон надворешната средина. Според анализа на податоците, тенденцијата кон вината покажала значителна директна негативна врска со агресијата и исто така, значително негативна индиректна врска со агресијата преку екстернализација на вина и емпатија.

Екстернализација на вина, лутина и други сродни конструкции не мора директно да бидат изразени пред другите и најверојатно имаат поконзистентен однос со срамот (Bennett et al., 2005; Harper, Austin, Cercone, & Arias, 2005; Wicker et al., 1983; Tangney, 1995; Tangney, Wagner, et al.,1996;). Поврзаноста на срамот, вината и агресија најверојатно се посложени, суптилни отколку само директните ефекти и затоа се потребни понатамошни истражувања за можните медијатори на овие односи (Tangney and Dearing, 2002).

## КВАЛИТЕТ НА ДРУГАРСТВО

### Поим и дефинирање на квалитет на другарството

*Другарството* е димензија на односи со врсниците и во себе вклучува три нивоа: *реципроцитет, број на другари и квалитет на другарство*. Наједноставно може да се дефинира како взаемен однос на длабока емоционална поврзаност, посветеност и грижа меѓу двајца или повеќе поединци (Шурбановска, 2018). Дефинирањето на другарство е суптилна работа затоа што другарството својата природа ја менува низ развој на личноста и варијабилноста на карактеристиките на другарството во зависност од контекстот во кој се одвива (другари од улица, од училиште, факултет, работно место и сл.); различен степен на блискот и интимност меѓу другарите; другарството во зависност од возраста и полот на другарите и од други фактори.

Според Васта и соработниците (Vasta et al., 2005), другарството е стабилен однос помеѓу две индивидуи со следните карактеристики: верност, блискост и заемна привлечност. Врз основа на повеќе студии, констатираните атрибути за другарство, теоретичарите ги групирале во три категории –

компоненти зависно од нивните карактеристики: *афективни* – се однесуваат на лични чувства и размислувања (себеотворање) и други експресии на интимност и афективност (вклучувајќи почитување и позитивни чувства, грижа и љубов); *атрибути со општествени компоненти* – на другарство во заеднички активности: охрабрување, емпатија и емоционална поддршка каде е нагласена доверба, лојалност и обврзаност и *социјабилни карактеристики* на другарство – се однесуваат на забава и рекреација. Врз основа на претходното, другарството е доброволен, личен однос што се карактеризира со интимност и помагање во кој двете страни се наклонети една кон друга и се стремат кон заедничко дружење (Miler & Perlan, 2007; според Шурбановска 2018).

Карактеристики на другарство се: *доброволност* (Bukowski, Newcomb, Hartup, 1996; според Шурбановска, 2018), *реципроцитет,* како *и контекстот во кој се создава другарството* (во училиште, населбата и други социјални средини).

## Фактори за избор и создавање на другарството

Истражувањата потполно се согласни дека *сличноста* во најголема мерка го определува изборот на другар. Другарите поуспешно ги решаваат конфликтите и многу почесто разменуваат лични информации, а со растење се зголемува и важноста на блискоста (според Vasta et al., 2005).

Истражувањата за квалитетот на другарството посочуваат дека конфликтот што постои меѓу другарите е поврзан со проблематично однесување на училишните деца (Brendt, 1996; според Шурбановска, 2018) и е различен кај девојчињата и момчињата. Момчињата кои другарскиот однос го опишуваат полн со конфликти, се поосамени, помалку вклучени во одделенските активности и помалку се задоволни со училиштето. За истражувачите, оваа појава се должи на нееднакво решавање на конфликтите меѓу девојчињата и момчињата; девојчињата многу побрзо и поуспешно ги решаваат конфликтите од момчињата (Ladd et al., 1996; според Шурбановска, 2018). Врз односот со врсниците на училиште, негативно влијае агресивниот интеракциски стил. Помошта и поддршката која детето ја добива од другарите, кај девојчињата е поизразена и ја зајакнува нивната компетенција.

## **Нормативен развој на другарство**

Шурбановска (2018), наведува дека *природата на другарството низ животниот циклус* на човекот се менува и затоа развојниот тек на односите со врсниците е поделен на следните периоди: доенче (од 0-2 години); рано детство (3-6 години); средно и доцно детство (7-12/13 години); адолесценција (13/14-24 години); другарство во рана зрелост (25-40 години); средна зрелост (40-65 години) и старост (над 65 години).

Врз врсничките односи влијае соработката, интимноста и лојалноста, а подоцна влегуваат во интимни заеднички споделувања каде се очекува лојалност и одговорност. Конфликтите вербално се разрешуваат и се гради доверба (Miler, Perlman, Brehm, 2007; според Шурбановска, 2018). Во овој период се развиваат нови социјални вештини кои ќе придонесат за развивање на наредните фази. Другарот е некој која помага, дава поддршка, заштитува, во која се има доверба и на кој може да се потпреме во тешки моменти. Другарите взаемно го споделуваат доброто и лошото искуство, со што се развива емпатичност. Зголемена способност за соработка заснована врз еднаквост во постигање на образовните и други вештини најчесто е поприсутна кај девојчињата, додека кај момчињата од 9-10 години е поприсутна поголема компетентност во другарството и дружење во поголема група на другари.

Истражувањата посочуваат дека во описите на другарството, а посебно кај девојчињата, позначајни се: верност, самооткривање и доверба. Во овој период од фундаментално значење е чувството на припаѓање и социјалното прифаќање, позицијата во групата при што конформистички се однесуваат кон групните норм*и* (Мурџева-Шкариќ, 2004; според Шурбановска, 2018). Друга потреба која се развива е *интимност* насочена кон другар најчесто врсник, од слична средина и слични интереси. Во интеракција со врсниците се развива *алтруизам, емпатичност и одржување* на другарството кое се создава и менува низ годините (Шурбановска, 2018).

Отфрлените и неприфатени деца од другарите имаат тенденција кон проблематично однесување (напуштање на училиштето, деликвенција) и психолошко неприспособување, за разлика од оние кои се сакани од другите (Bukowski & Cillesen, 1998; Kupersmidt, Coie, 1990; според Шурбановска, 2018). Многу истражувања укажуваат на потребата од развивање на вештините на

прифаќање за да се намали ризикот од неприспособувањето. Со возраста, во самоописот на децата расте искреноста, ексклузивитетот, чувствителноста и заедничките активности кај девојчињата во однос момчињата (Sharabany, 1994, според Шурбановска, 2018).

Најкарактеристични промени во интерперсоналните односи меѓу другарите во периодот на адолесценција, се: *а)* времето поминато со родителите е двојно помало отколку со врсниците (Parker et al., 1995; според Шурбановска, 2018); б) потребата за врзување порано ја задоволувале со родителите, а сега со врсниците, в) разликите меѓу потребите на зависност и на индивидуалност се развиваат, осознаваат и усогласуваат*, додека г)* потребите за интимност и самооткривање се високо изразени. Доминантни потреби се: потреба за *интимност* и потребата за *припаѓање* на *„избрана клика“* при што повеќе клики сочинуваат друштва. Во друштвото меѓу врсниците се формираат широки и разновидни односи кои овозможуваат забава, но не и близина; поголема социјализаторска улога имаат групите кои се похетерогени-структуирани со деца од различно образование, интереси, економски статус итн. (Керамитчиева, 2002; според Шурбановска, 2018); сè почесто дружење со деца од спротивен пол (Miler &Perlman, 2007; според Шурбановска 2018), групите се постабилни и хетеросексуални и социјалната компарација е многу важна.

Емоционалното и когнитивно созревање овозможуваат разбирање на своите и туѓите чувства. Основа на другарство се *реципроцитетот, заемно разбирање и дискусија* и затоа адолесцентите разговараат и ги анализираат своите чувства и се почесто минуваат низ романтични врски (Мурџева-Шкариќ, 2004). Односот дете – родител се заснова врз заемно разбирање (билатерален) и повеќе не е насочен од родител кон детето (унилатерален). Многу истражувања потврдуваат дека стилот на емоционалното врзување со родителите се пренесува во другарството при одржување на *близината* - желбата да се биде блиску до луѓето со кои емоционално се поврзани. За адолесцентите (од 15-17 години) и родителите и врсниците се атачмент-фигури, но приматот му припаѓа на романтичниот партнер повеќе отколку на другарот.

Постои разграничување во однос на „сигурен рај“ – кој припаѓа на другарите од основно и средно училиште, но *„сигурна база“* сепак се родителите мајката и/или таткото (Шурбановска, 2018). Социјалната мрежа е

посложена и се движи од помали клики во поголеми групи. Конфликтите меѓу врсниците се присутни – задевање, натпреварување. Конфликтите со родителите се помалку бројни, но со поголема тензија и тие придонесуваат во намалување на тензијата, депресијата, подобар статус во семејството и врсниците, но постои и индивидуална разлика – кај некои предизвикуваат поголема тензија, а кај другите можност за потврдување на искреното другарство и зајакнување на самодовербата и самопочитта. Меѓу другарите постои дискусија, се обидуваат да постигнат компромис, дискутираат доброволно или под притисок.

Селмановата (Selman, 1981; според Шурбановска 2018) класификација на интерперсонални односи според возраст, се движи од *егоистични перспективи* – нулта степен во предучилиштен период до *заемна доверба* и *реципроцитет* во социјална интеракција меѓу врсниците. Во *средното и доцното детство*, постои разбирање меѓу децата, поддршка и интимност, а во а*долесценцијата* и возрасноста, се воспоставува баланс помеѓу другарството и заемноста од една страна и индивидуалноста од друга страна.

Другарството значајно еволуира со тек на возраста од рано детство до адолесценција и психолошките особини се повеќе добиваат значење во дескрипција на другарство. Другарството има тенденција за воспоставување на рамнотежа помеѓу заедничкото и индивидуалното – зрели социјални односи (Шурбановска, 2009 година). *Другарскиот притисок е значаен во овој период* – врв достигнува до 15-та година (Brendt, 1995; според Шурбановска, 2018) и влијае врз облекувањето, академските постигања, консумирањето алкохол, сексуалното однесување и др. Меѓу блиски другари постојат конфликти (Youniss & Smollar, 1985; Шурбановска, 2018) поради различни причини и затоа квалитетот на другарството се состои од *две димензии*: од позитивни карактеристики кои меѓусебно се силно поврзани и од негативни карактеристики кои, исто така, меѓусебно се силно поврзани, додека пак позитивните и негативните карактеристики меѓусебно се многу слабо поврзани. Сознанијата се темелат врз истражувањето на квалитетот на другарството со добрите другари и тоа со најдобар, помалку добар и најмалку добар другар. Брендт (Berndt, 1996; според Шурбановска, 2018) во своето истражување заклучува дека односот со најдобриот другар е опишан со најмногу позитивни особини во однос на двајцата помалку добри другари

(според Шурбановска, 2018). Затоа, за подобро опишување на другарството предвид треба да се земат и двете карактеристики. Според Шурбановска (2018), хиерархискиот модел на другарството на Буковски и Хоза (Bukowski & Hosa, 1989) е најпосочуван во литературата и во своите трудови тие во *квалитетот на другарство* вклучуваат: *реципроцитет, квалитет и другарскиот однос.*

## Агресивно однесување и квалитет на другарство

Хартап и Стивенс (Hartup & Stevens, 1999; според Шурбановска, 2018) сугерираат дека висококвалитетните другари имаат позитивни ефекти врз детето, како што се: *просоцијално однесување, развој на лојалност, интимност, самодоверба и способност да се соочат со стресовите.*

Според Мек Доналд, Венг, Менцер, Рубин и Бут-Ла Форс (McDonald, Wang, Menzer, Rubin & Booth-LaForce, 2011) при нивната дијадна анализа на квалитетот на другарството, заклучиле дека адолесцентната агресија е негативно поврзана со вреднувањето и решавањето на конфликтите, додека агресивното однесување на другарот е позитивно поврзано со појава на конфликтите. Ефектите на просоцијалното однесување биле присутни во сите аспекти од квалитетното другарство, но ефектите на просоцијалното однесување на другарот почесто се јавуваат од ефектите на просоцијалното однесување на самиот адолесцент. Поврзаноста помеѓу агресијата кај адолесцентите и просоцијалното однесување имала предиктивен карактер за степен на квалитетот на другарството. Фанти, Брукмејер, Хајнрих и Куперминч (Fanti, Brookmeyer, Heinrich & Kuperminc, 2009) ја истражувале лонгитудиналната поврзаност помеѓу квалитетот на другарството и агресивното однесување во рана адолесценција и заклучиле дека постои криволиниска поврзаност за момчињата, додека кај девојчињата постои линеарна поврзаност.

Малти, Мек Доналд, Рубин, Роз-Краснор и Бут-ЛаФорс (Malti, McDonald, Rubin, Rose-Krasnor & Booth-LaForce, 2015) со нивното истражување го потврдиле влијанието на квалитетот на другарство врз појавата на агресија помеѓу адолесцентите, со сознание дека размислувањата на адолесцентите од аспект на квалитетно другарство влијаат инхибирачки врз појава на агресијата. Имено, постои позитивна корелација помеѓу степенот на софистицираноста на

идеите за другарство низ призмата на 5 клучни параметри (*формирање на другарство, блискост, доверба, решавање на конфликти и завршување на другарството*) и појавата на идна агресија. Авторите ја издвоиле довербата како круцијална во овие процеси, при што степенот на ниската доверба ја намалува резилиентноста кон појава на агресија во периодот на адолесценцијата.

Хенебергер, Кофман и Гест (Henneberger, Coffman & Gest, 2017) преку своето истражување се обиделе да го детерминираат степенот до кој врсниците влијаат врз појавата на агресија. Авторите констатирале дека дури 25% од целокупното влијание кое го имаат врсниците може да се објасни со селекцијата на агресивни пријатели, како ризик фактор за понатамошната појава на агресија, во контекст на останатите варијабли кои исто така би можеле да влијаат врз развој на агресијата. Поради комплексноста на интеракциите во другарствата може да се забележат и исходи кои се неочекувани и покрај присуството на агресивното однесување, како на пример, во случаи кога адолесценти употребуваат пристап со двојна стратегија (наизменична употреба на просоцијално и агресивно однесување) во својата интеракција, при што се создаваат пријателства и покрај постоење на агресивно однесување (Hawley, Little & Card, 2007).

## Полот и квалитетот на другарство низ призмата на агресивно однесување

Некои автори посочуваат дека девојчињата повеќе ја вреднуваат поддршката, помагањето, решавањето на проблемите и интимноста, во однос на момчињата. Роуз и Рудолф (Rose & Rudolph, 2006) посочуваат дека постојат значајни дистинкција помеѓу момчињата и девојчињата во однос на процесите асоцирани со врсниците. Девојчињата се инволвирани во повеќе просоцијални интеракции, карактеризирани со социјални разговори и искреност и постои тенденција за нагласување на важноста за создавање на односите меѓу девојчињата кои може да имаат придонес во развојот на интимни врски, да го инхибираат антисоцијалното однесување, но постои можност и за зголемување на сензитивност кон емоционални тешкотии. Момчињата, вршат интеракција во поголеми групи со добро дефинирани хиерархии, претендираат

компетитивни игри, ја нагласуваат важноста на самоинтересот и целите за доминација и изложени се на подиректна агресија од врсниците. Овие процеси може да го инхибираат создавањето на интимни врски и проблеми во однесувањето, но може и да го засилат развојот на групно базираните врски и да заштитуваат од емоционални тешкотии.

Во поширок контекст, Кампер-Де Марко и Остров (Kamper-De Marco & Ostrov, 2019) ја афирмираат вредноста на полот како варијабла во нивните истражувања за агресивно однесување и односите помеѓу врсниците. Како што наведуваат, девојчињата имаат тенденција да поминуваат повеќе време во интеракција во дијадични пријателства, отколку во големи групни интеракции; овој дијадичен елемент на пријателствата ја зголемува веројатноста за зголемување на релационата агресија во текот на училишната година, потврдувајќи ги теориите кои тврдат кога социјализацијата е полово-спефицична (како кај дијадите меѓу девојчињата), агресијата има тенденција да е поврзана со полот и да биде повеќе присутна.

## РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

### 1. Студии за (дистинкција на) вина и срам

*Во една студија Тангни (Tanghey, 1993b; според Tagney & Dearing, 2002)* од 65 студенти на додипломски студии, анонимно е побарано писмено да ги опишат доживувањата на личен срам, вина и гордост. По секоја дискусија тие биле прашани за стапката на доживувањето, на скала од 22 димензии користејќи седум точки на скалата - димензии составени од прегледот на Луис (Lewis, 1971) и Линsи-Харц (Lindsay-Hartz, 1984). Резултатите биле многу конзистентни со разликите сугерирани од срамот и вината и се разликувале во превидената дирекција од 17 до 22 димензии. Резултатите биле статистички значајни за 11 од 17 димензии. Студентските проценки индицирале дека срамот поболно го доживеале и потешко го опишале, во однос на доживеаната вина. Срамот бил со поголема веројатност да биде придружен со чувството на инфериорност. Студентите, исто така, известиле дека: чувствувале помала контрола во ситуациите кои предизвикале срам, во однос на ситуации кои предизвикале вина и известувањето за доживеаниот срам траело подолго во однос на известувањето за доживеаната вина. Во присуство на другите тие биле

загрижени за нивната сопствената самоперцепција кога доживувале срам, во однос на тоа кога доживувале вина. Имале посилна желба да се сокријат од другите кога доживувале срам, отколку кога доживувале вина и се чувствувале поизолирано и имале желба да се сокријат кога доживувале срам отколку кога доживувале вина. Овие оценки на студентите ги потврдуваат разликите меѓу срам и вина низ многу димензии посочени од  Луис (Levis, 1971). Воедно покриваат широк опсег на ситуации и резултати се во согласност  со наоди од други истражувања (Wicker  at all., 2983; Tanghey, Miller at all., 1996).

Четири незвисни студии на контрафактичко размислување (Niedenthal, Tangney, & Gavanski, 1994; според Tagney & Dearing, 2002), нашле голема поддршка за концепцијата на Луис (Lewis, 1971) дека срамот и вината се разликуваат во фокусот на селфот наспроти однесувањето. Испитаниците во една студија ги опишувале сопствениот срам и вина што ги доживеале и тогаш биле прашани за „актуелните контра факти“ за настанот (пр. листа фактори кои можат да бидат причина за настанот за да се стави поинаков крај, комплетирање на речениците „Само ако/Само доколку“). Контрафактите одговорите потоа биле кодирани од истражувачите, зависно од тоа дали биле аспекти на себството, однесувањето или ситуацијата била „недовршена“. Испитаниците најчесто ги „одвоиле“ аспектите од себеството поврзани со доживувањата на срамот, како и аспектите на нивното однесување поврзано со доживеаната вина.

Во друга студија од истата серија (Niedenthal et al., 1994) е истражувано дали едноставно фокусирање кај испитаниците на нивното однесување (наспроти на себството) може да ги предиспонира луѓето за доживување на чувствата на вина наспроти срамот. На двете групи испитаници им биле презентирани идентични хипотетички сценарија. Едната група била насочена да генерира искази контрафактички за себството (пр. „Замисли дека ти си поинаков тип на личност“); другата група била насочена да генерира искази контрафактички за однесувањето (пр. „Замисли дека правиш нешто поинакво“). Потоа испитаниците биле прашани за проценките, колку многу тие би можеле да ја доживеат вината и срамот во секоја од ситуациите. Резултатите од оваа студија во детали ја подржале дистинкцијата меѓу вината и срамот која ја посочил Луис (Levis , 1971). Испитаниците кои биле насочени  кон одвојување и актуелизирање на фактите за себството последователно информирале дека би

сакале да доживеат повеќе срам во слична ситуација; испитаниците кои ги одвојувале и актуелизирале фактите за однесувањето, известувале дека би сакале повеќе да доживеат вина. Сите четири независни контрафактички студии даваат поддршка на идејата дека срамот е поврзан со фокусот на себството, а вината со фокусот на однесувањето.

## 2. Студии за вина, срам, агресија и лутина

Тангни и Диаринг (Tangney & Dearing, 2002) посочуваат дека поради различни причини, чувството на срам се способни да предизвика дефанзивни реакции, вклучувајќи екстернализација на вина и лутина/гнев. Спротивно на тоа, претпоставуваат дека чувството на вина (за специфично однесување) има помала веројатност да предизвика лут дефанзивен одговор. Во серија на супсеквентни студии, тие ја истражувале врската на срам и вина со лутина понепосредно со вклучување на повеќе редовни мерења за поттикнување на лутина и непријателство. Наодите од овие студии уредно конвергираат со резултатите на екстернализација на вина (Tangney, Wagner, Fletcher, & Gramzow, 1992; Tangney, 1993a, 1994, 1995a, 1995b, 1995c).

На пример, во три независни примероци (n=243, n=188, и n=252 ), Тангни и Диаринг (Tangney & Dearing, 2002) користеле: Скала на лутина како црта (Trait Anger Scale) (TAS; Spielberger, Gorsuch, & Lushene, 1070) и ТОСКА (и SCAAI). Низ сите студии, склоноста кон срамот била сигнификантно позитивно поврзана со Скала на лутина како црта. Низ првата и третата студија, тие исто така спровеле Чек листа за симптоми 90 (SCL-90; Derogatis, Lipman, & Cove, 1973), а во втората и третата студија учесниците го комплетирале Инвентарот на непријателство (Buss - Durkee Hostility Inventory) (Buss & Durkee, 1957). Резултатите биле конзистентни низ студиите и методите на мерење. Тенденцијата за доживување на чувство на срам била значајно позитивно поврзана со Чек листа за симптоми 90 (SCL-90), Лутина Непријателство (Anger Hostility) и Супскали на параноидни идеи (Paranoid Ideation subscales), исто како и Инвентарот на непријателство (Buss - Durkee Hostility Inventory) - мерки на индиректно непријателство, иритабилност, огорченост и сомнеж. Спротивно, склоноста кон вина „без срам“ била негативно или незначајно поврзана со индициите на лутина и непријателство. Слични наоди на врските

на срамот со непријателството биле соопштени од Хоглунд и Николас (Hoglund and Nicholas, 1995).

Сличен модел бил опсервиран во примерок од 363 деца од петто одделение (Tangney, Wagner, Burggraf, at all., 1991). Децата го пополниле Инвентарот на детска лутина (Children's Inventory of Anger/SIA) и ТОСКА за деца (TOSCA – C ). Нивните наставници ја пополниле верзија за наставниците Чек листа за однесување на децата (Child Behavior Checklist) на Ахенбах и Еделброк (CBCL; Achenbach and Edelbrock, 1986). Кај децата од петто одделение, склоноста кон срам била позитивно поврзана со самоизвестување за лутина на децата и извештајот на наставниците за агресија, додека склоноста кон вина била негативно поврзана со самоизвестување за лутина/гнев. Кај девојчињата, склоноста кон срам, исто така, позитивно била поврзана со самоизвестување за лутина, но не била поврзана со известувањата на наставниците за агресивноста. Спротивно на ова, немало корелација на склоност кон вина и индикации за лутина и агресивност. Авторите заклучиле дека срамот не само што мотивира избегнувачко однесување, туку може да мотивира и дефанзивни чувства на лутина и непријателство, како и тенденција да ги проектира обвинувањата кон надворешните фактори. Спротивно на тоа, вината е поврзана со тенденција да се прифати одговорноста и ако ништо друго, со намалена тенденција кон интерперсонална лутина и непријателство.

Стуинг и Тангни (Stuewing & Tangney, 2007) во една студија, го истражувале односот на срам и вина со засебните форми на агресија – физичка и вербална, во повеќе примероци. Користеле како што велат „почисти“ мерки на агресија и дека секоја последователна врска би била со посредство на екстернализација на вината. Во два од четирите примероци, утврдиле дека срам „без вина“ не е поврзан со физичката агресија, додека во другите два примерока утврдена е значителна поврзаност. Исто така, утврдиле дека срамот „без вина“ не бил поврзан со вербалната агресија во еден од трите примероци, но значително бил поврзан во другите два. За да ги тестираат овие односи во поцелосно и повеќе варијантно опкружување, тие поставиле хипотези и претпоставиле дека негативните чувства на срам ќе доведат до екстернализирана вина поврзана со зголемена вербална и физичка агресија. Резултатите на одделни примероци биле во согласност со моделот на непосредна врска помеѓу склоноста кон срам и физичка или вербална агресија,

откако била вклучена екстернизација на вината. Сепак, имало значајна индиректна врска преку екстернализација на вината кај сите примероци. Спротивно на склоност кон срам, склоноста кон вина треба да ги поттикне емпатичните чувства и процеси, со што се намалува агресијата насочена кон надвор. Според анализа на податоците, склоноста кон вина покажала значајна директна негативна врска со агресијата и исто така, значајна негативна индиректна врска со агресијата преку екстернализација на вина и емпатија.

Тангни и сор. (Tangney, Wagner, Marschall, & Gramzow, 1991) во студија за врската меѓу срам, вина и агресија на независни испитаници од различни возрасти, документираат дека сите учесници кои биле склони кон вина, имале значаен директен негативен однос кон агресијата и исто така значаен негативен однос со агресијата индиректно преку екстернализација на вина; кај сите учесници, склони кон срам, пронајдена е позитивна корелација со физичката и вербалната агресија. Може да се заклучи дека чувството на вина има заштитна улога при агресија и нарушување на меѓучовечките односи.

Според најновите истражувања за присуството на насилство меѓу врсниците во македонските училишта (Петковска & Николовска, 2022) може да се заклучи дека Македонија не е исклучок. Ова квантитативно истражување опфатило ставови и перцепции на наставниците и учениците од трета и четврта година од 22 средни училишта во Скопје. Истражувањето било спроведено во периодот од декември 2021 до февруари 2022 година и опфатило 995 ученици и 255 наставници. Две третини од учениците го потврдиле присуството на насилство помеѓу учениците во нивното училиште, а околу една третина од учениците се согласиле дека насилството меѓу врсниците е присутно или многу присутно. Кога се работи за личните искуства на учениците со насилство, само 12,7% од нив одговориле дека биле жртви на насилство од врсниците во училиштето во изминатата година. Притоа, фокусот на прашањето не е видот на насилство, вербален наспроти физички, туку спротивното. Тоа значи дека 87,3% од учениците рекле дека не биле жртви на насилство, што претставува значителна бројка, врз чија основа би можело да се тврди дека насилство од врсниците во училиштата, во изминатата година, засегнал само нешто повеќе од 1 од 10 ученици. Процентот на учениците кои не одговориле на сите прашања е доста голем (околу 20%). Истражувањето вели: „Се забележува дека во моментот кога прашањата преминуваат од перцепција за тоа што им се

случува генерално, кон тоа што им се случува ним лично, учениците реагираат со одбивање да одговорат.“ Дополнително, при проверка на случајноста за ваквата нереспонзивност, кога се работи за сензитивни теми поврзани сличните искуства на учениците, истражувањето покажува дека ова однесување не е случајно. Истражувањето заклучува дека ваквата појава укажува на два поврзани феномени од кои едниот се однесува за сериозноста на насилство меѓу врсниците во училиштето, како и на тоа дека може да се очекува голем број од оние што не одговориле на прашањата за личното искуство, во суштина да биле жртви на некоја форма на насилство од врсниците. Во однос на опсегот на изложеност на насилство меѓу врсниците, околу две третини од учениците сметале дека помалку од 30% од учениците во училиштето биле предмет на вербално или невербално насилство во изминатата година. Физичкото насилство било малку раширено од вербалното и невербалното насилство. Немало разлика во перцепцијата колку од учениците биле жртва на вербалното и невербалното насилство во зависност од полот. Девојчињата (44,7%), за разлика од момчињата (26%), сметаат дека насилството е поприсутен во нивното училиште. Резултатот е статистички значаен и врската помеѓу полот и перцепцијата за насилство меѓу учениците е умерено силна. Ова значи дека постои силна корелација меѓу полот и перцепцијата за случено врсничко насилство, при што девојчињата известуваат дека врсничко насилство е повеќе застапен во нивното училиште. Овој факт може да се должи или на тоа дека девојчињата имале повеќе искуство со врсничко насилство, или се посвесни и имаат капацитет да препознаат кога се случува насилството.

Нивет, Садерланд, Ајснер и Мурej (Nivette, Sutherland, Eisner & Murray, 2018) во својата анализа на податоци за *физичка агресија од* 63 ниско и средно развиени земји, вклучувајќи адолесценти на возраст од 12 до 15 години, забележале поголема веројатност адолесцентните момчиња да бидат дел од физички конфронтации од девојчињата за 2,68 пати, со ретки исклучоци. Тие покажале и дека половите разлики во физичката агресија значајно варираат помеѓу различни земји, со поголема варијација меѓу девојчињата отколку момчињата. Ова е индикација за јасна културолошка компонента и притоа истражувачите не нашле индикации кои би посочиле дека варијацијата би можела да се објасни со теории за полова селекција и социјалните улоги.

## 3. Студии за предикција на морален емоционален стил и морално однесување

Во една студија Тангни (Tagney, 1994), според Тангни и Диаринг (Tagney & Dearing, 2002), истражувана е врската на индивидуалните дистинкции во тенденциите кон срамот и кон вината при самоизвестување за моралното однесување (оценувана со *Конвенционална скала за моралност*; Tooke & Ickes, 1988). Откриено е дека самоизвестувачкото морално однесување било значајно позитивно поврзано со тенденција кон вина, но не било поврзано со тенденција кон срам.  На пример, компарацијата со нивните помалку склони кон вина врсници, поединците склони кон вина биле со поголема веројатност да ја поддржат секоја задача како на пр. ,,Јас не би украл нешто што е потребно, дури и ако сум сигурен дека ќе се извлечам од тоа“ или „Јас нема да ги искористам  предностите на другите луѓе, дури и кога е јасно дека тие се обидуваат да ги искористат моите предности“. Со други зборови, резултатите од овие студии сугерираат дека вината, но не срамот на луѓето се „моралните патеки“ во животот.

Најдиректни докази за поврзаноста на моралните чувства со моралното однесување потекнуваат од семејната лонгидудинална студија за морални емоции спроведена од Тангни, Диаринг и др. сор. (Tagney, Dearing et al., od 1991; според Tagney & Dearing, 2002). Во оваа студија 380 деца, нивните родители, дедовци и баби на почетокот биле проучувани кога децата биле во петто одделение во јавни училишта во етнички и социо-економски различни предградија на Вашингтон; најголем број на децата припаѓале на семејства со низок и среден социоекономски статус, а родителите имале завршено средно образование. Осум години подоцна, истражувачите воделе панел дискусија во која се вклучени опсежни интервјуа за социјалната и клиничката историја на деца на возраст од 18-19 години. Прелиминарните анализи покажале дека моралниот емоционален стил во петто одделение е предиктивен во период до критична ,,крајна линија“ на однесување кај младите. Поконкретно, тенденцијата кон срамот проценета во петто одделение, подоцна во средно училиште предвидува суспензија, користење на разни видови дрога (амфетамини, депресанти, халуцунатори, хероин), инволвирање во криминални дејствија, суицидални идеи и помало аплицирање на колеџ или

вклучување во служба на заедницата. Спротивно, оние со тенденција кон вина подоцна почесто аплицирале на колеџ и за работа во служба на заедницата, имале помала тенденција кон обиди за самоубиство, користење хероин, возење под влијание на алкохол или droги и во подоцнежна возраст почнале да пијат алкохол. Петтоодделенците со тенденција кон вина биле со помала веројатност да бидат уапсени, осудени и затворени. Овие врски помеѓу раниот морален емоционален стил и последователното бихевиорални прилагодување останале стабилни, дури и кога истражувачите го контролирале семејниот приход и едукацијата на мајките. На тој начин, тоа не бил едноставно ефект на социоекономскиот статус. Овие наоди се одржале дури и при контролирање на варијаблата лутина кај децата. Стабилноста на лутината во петто одделение особено била импресивна, имајќи предвид дека на почетокот од истражувањето индикаторите на лутина и агресија биле неколку од најважните предиктори за подоцнежните криминални активности и други бихевиорални неприлагодености (Huesmann, Eron, Lefkowitz, & Walder; според Tagney & Dearing, 2002 ).

## 4. Истражувања за другарство и агресивно однесување

Нивет, Садерланд, Ајснер и Мурej (Nivette, Sutherland, Eisner & Murray, 2018) во својата анализа на податоци за физичка агресија од 63 ниско и средно развиени земји, користејќи популации на адолесценти на возраст од 12 до 15 години, забележале поголема веројатност адолесцентните момчиња да бидат дел од физички конфронтации од девојчињата за 2,68 пати, со ретки исклучоци. Тие покажале и дека половите разлики во физичката агресија значајно варираат помеѓу различни земји, со поголема варијација меѓу девојчињата отколку момчињата и претставува индикација за јасна културолошка компонента.

Другарството е истражувано кај ученици од трето и од седмо одделение во едно градско училиште во Скопје од страна на Шурбановска (2009). Односот со другарите е испитуван со четири мерни инструменти. Во согласност со резултатите од линеарната корелација и резултатите од повеќекратната корелација, заклучено е дека варијаблите на другарство значајно се поврзани со повеќе облици на социјално однесување на детето во училиштето. Поточно,

тие значајно учествуваат во објаснување на осаменото однесување на учениците, агресивното однесување, просоцијалното однесување, перцепцијата на социјалната поддршка и задоволството од училиштето. Всушност, проценката на реципроцитетот во другарството влијае врз одредени облици на социјално однесување на учениците и тоа на: осаменост, агресивно однесување, срамежливо однесување и перцепција на социјална поддршка.

## 5. Истражување за карактеристики на другарство

Друга група на истражувања се насочени кон карактеристиките на квалитетот на другарството што ги наведуваат децата (Berndt et al., 1996, според Шурбановска, 2018). Децата наведуваат некои карактеристики на другарството и тоа: блискост, поддршка, задоволство, интимност, дружење и решавање на проблеми. Факт е дека некои другарства даваат поголема поддршка, повеќе интимност и повеќе вклученост, отколку некои други (Parker, Asher, 1993). Испитувањата покажале дека постојат разлики во квалитетот на другарството според возраста и според полот. Различните аспекти на релациите во дијадата имаат различна важност со оглед на возраста. Повеќе пати е истакнувано дека дружењето како димензија на квалитетот е важно во раното детство, додека довербата, интимноста и самооткривањето имаат поголемо значење во средното детство и адолесценцијата (Sullivan, 1953; Berndt, Savin-Williamski, 1989; Bukowski, Hoza, 1989; Sharabany, 1994; според Шурбановска, 2018).

## ХИПОТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно сознанијата од приложените претходни истражувања, истражувачката хипотеза гласи:

*Повисоко изразеното чувство на срам, пониско изразеното чувство на вина, пониският квалитет на другарство, помалата возраст и припадноста кон машкиот пол предвидуваат повисок степен на агресивно однесување кај деца од училишна возраст и адолесценти.*

# МЕТОД

## ИСПИТАНИЦИ

Предметна популација на ова истражување се ученици од две различни возрасни категории: (1) ученици на возраст од 8 до 12 години и (2) ученици на возраст од 15 до 18 години. Првата група се ученици од ОУ „Крсте Мисирков“ од градот Куманово, а втората група се ученици од СУГС Гимназија „Гоце Делчев“, исто така од градот Куманово.

Поради практични причини, податоците се добиени од пригоден примерок, односно преку испитаници – ученици од наведените училишта кои на денот на тестирањето присуствуваа на наставата и кои, врз доброволна основа се согласија да бидат тестирани. Проектираните истражувачки цели и задачи, особено во контекст на стандардните статистички критериуми за соодветна бројност на примерокот, наложуваат оптимална бројка испитаници за квалитетно и сеопфатно реализирање на истражувањето. Во таа смисла, прелиминарен план беше да се опфати примерок од приближно 200 ученици, односно по 100 ученици од двете возрасни групи.

Поради високиот степен на отповикување на вклучените ученици, бројот на испитаници излезе нешто поголем (N=291). Релевантните демографски обележја на примерокот се презентирани во табела 1. Како што може да се види, нешто повеќе се застапени испитаници од женски пол со адолесцентна возраст.

**Табела 1:** ***Полова и возрасна структура на примерокот ученици***

| | *Женски* | *Машки* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| ***Основно училиште*** | ***69 (23,71%)*** | ***52 (17,87%)*** | ***121 (41,58%)*** |
| ***Средно училиште*** | ***104 (35,74%)*** | ***66 (22,68%)*** | ***170 (58,42%)*** |
| ***Вкупно*** | ***173 (59,45%)*** | ***118 (40,55%)*** | ***291 (100%)*** |

## МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ

Мерењето на индивидуалните разлики во ова истражување е спроведено со примена на четири мерни инструменти: Тест за самосвесни чувства кај деца Tosca-C (Test of Self-Conscious Affect for Children), Тест за самосвесни чувства кај адолсеценти Tosca-A (Test of Self-Conscious Affect for Adolescents), Прашалник за мерење на квалитет на другарство (Friendship Quality Questionnaire), и Скала за мерење на агресивно однесување, модификувана верзија (Modified Aggression Scale). Следи подетална елаборација на наведените мерни инструменти.

### *ТЕСТ ЗА САМОСВЕСНИ ЧУВСТВА КАЈ ДЕЦА TOSCA-C (Test of Self-Conscious Affect for Children)*

Се работи за мерен инструмент публикуван во 1990 година, од авторите Тангни, Вагнер, Бурграф, Грамзо и Флечер (Tangney, Wagner, Burggraf, Gramzow & Fletcher, 1990, според Tangney & Dearing, 2002). Верзијата Tosca-C е дизајнирана и наменета за употреба со деца од училишна возраст (8-12 години). Прашалникот е во облик на петостепена скала од Ликертов тип, со вкупно 15 тврдења. Секое тврдење е во облик на модел на ситуација или сценарио со кои испитаникот можеби се соочил или пак не се соочил, при што негова задача е на петостепената скала *(воопшто не, малку веројатно, можеби т.е. „и така и така", веројатно, многу веројатно)* да го одреди степенот на своето согласување со тврдењето. Тестот дава индекси за, односно мери, шест различни варијабли, групирани во шест соодветни супскали: (1) Тенденција кон срам (Shame-Proneness), (2) Тенденција кон вина (Guilt-Proneness), (3) Екстернализација (Externalization), (4) Отуѓување (Detachment), (5) Алфа-гордост т.е. гордост на себството(AlphaPride) и Бета-гордост т.е. гордост на однесувањето (Beta Pride).

Скорови за супскалите срам, вина и екстернализација се изведуваат од сите 15 тврдења, резултати за отуѓеност од 10 тврдења, заклучно со алфа гордост и бета гордост, двете од по 5 тврдења. Секое тврдење испитаникот го одговара преку избирање на степен на сложување со даденото тврдење, во опсег од 1-5. Конечниот скор на испитаникот е простата сума на (бројните вредности на) дадените одговори на сите тврдења под конкретната варијабла т.е.

супскала. За потребите на ова истражување мерени се и калкулирани само резултатите на супскалите тенденција кон срам (натаму во текстот скратено „Срам“) и тенденција кон вина (натаму во текстот скратено „Вина“).

Авторите на тестот известуваат за оптимални показатели на интерната конзистентност на двете посочени супскали: индексот Кронбах-алфа (Cronbach's alpha) за супскалата Срам во две независни мерења изнесува 0,78, додека за супскалата Вина добиени се показатели 0,79 и 0,83 (Tangney& Dearing,2002). Проверката на примерокот покажа исклучително блиски показатели: Кронбах-алфа (Cronbach's alpha) индекси во износи од (а) 0,795 (N=121) за супскалата Срам, и (б)0,775 (N=121) за супскалата вина.

***ТЕСТ ЗА САМОСВЕСНИ ЧУВСТВА КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ TOSCA-A (Test of Self-Conscious Affect for Adolescents)***

Во прашање е истиот мерен инструмент, публикуван во 1990 година (Tangney, Wagner, Burggraf, Gramzow & Fletcher, 1990, според Tangney & Dearing, 2002), со тоа што формата Tosca-A е дизајнирана и наменета за употреба со адолесценти. Другите податоци за обликот, устројството, одговарањето и оценувањето се идентични со претходните за формата Tosca-C (петостепена скала од Ликертов тип, вкупно 15 тврдења, индекси за шест различни варијабли т.е. супскали, заклучно со бројноста на тврдења по супскала т.е. 15 за три супскали, 10 за една и 5 за две супскали).

Како и во претходниот случај, и кај оваа форма *за потребите на истражувањето мерени се и калкулирани само резултатите на супскалите Срам и Вина.*

Авторите на тестот и кај оваа форма известуваат за оптимални показатели на интерната конзистентност на двете посочени супскали: индексот Кронбах-алфа (Cronbach's alpha) во четири независни мерења се појавува во опсег 0,77 – 0,84, идентично кај двете супскали (Tangney& Dearing,2002). Проверката на примерокот и кај оваа форма покажа одлични показатели, речиси идентични на изворните мерења на авторите на тестот: примерокот продуцира Кронбах-алфа (Cronbach's alpha) индекси во износи од (а) 0,785 (N=169) за супскалата Срам, и (б) 0,806(N=169) за супскалата Вина.

***ПРАШАЛНИК ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДРУГАРСТВОТО FQQ (Friendship Quality Questionnaire)***

Овој мерен инструмент е публикуван во 1989 година, од авторите Паркер и Ашер, а во ова истражување е користена ревидираната форма од 1993 година (Parker & Asher, 1993, според Шурбановска, 2018). Прашалникот е наменет за проценка на перцепцијата и вреднувањето на квалитативните аспекти на другарството со одбран најдобар другар кај деца и младинци. Посочената форма од 1993 година содржи вкупно 40 тврдења со проценка на петостепена скала од Ликертов тип *(потполно неточно, ретко е точно, понекогаш е точно, често е точно, потполно точно)*, а кои опфаќаат шест различни фактори на квалитетот на другарството, организирани во соодветни супскали: (1) Блиска комуникација (Intimate Exchange), Решавање на конфликти (Conflict Resolution), Дружење и забава (Companionship and Recreation), Поддршка и водство (Help and Guidance), Одобрување и грижа (Validation and Caring), и Конфликт и изневерување (Conflict and Betrayal).

За потребите на ова истражување, како мерка на варијаблата квалитет на другарството користен е вкупниот скор од сите 40 тврдења (со петостепено бодирање 1-5, опсегот на вкупниот скор може да варира во границите 40-200). При тоа, имајќи ја предвид обратната „насока“ на тврдењата од супскалата Конфликт и изневерување, направено е инверзно кодирање на истите.

Авторите на тестот (Parker & Asher, 1993, според Шурбановска, 2018) известуваат за оптимални показатели на интерната конзистентност на парцијалните супскали на тестот, кај кои индексот Кронбах-алфа се појавува во опсег 0,73 – 0,90. Не е достапен, при тоа, податокот за интерната конзистентност на комплетниот тест, земен како интегрална скала. Проверката на тој податок на примерокот покажа исклучително висок индекс Кронбах-алфа од 0,911 (N=291).

***МОДИФИКУВАНА СКАЛА ЗА МЕРЕЊЕ НА АГРЕСИЈАТА (Modified Aggression Scale)***

Оваа скала за прв пат е публикувана во 1993 година, од американската авторка П. Орпинас (Orpinas, 1993), а за потребите на ова истражување е користена дополнетата и модификувана верзија (модификувано тврдење бр. 6, и додадени вкупно осум нови тврдења: бр. 5, 10, 13, 14, 15, 19, 20 и 22), од страна на Босфорт и Еспилец (Bosworth & Espelage, 1995). Модификуваната форма содржи вкупно 22 тврдења, организирани во четири супскали, што покриваат четири различни аспекти на агресивното однесување кај деца и адолесценти: Борбеност (Fighting), Насилство т.е. задевање и заплашување (Bullying), Лутина т.е. бес (Anger) и Грижа и кооперативност (Caring & Cooperative Behavior).

Тврдењата се проценуваат на петостепена скала од Ликертов тип, но *со рекодирање на изворниот код од 1-2-3-4-5 во 1-1-2-3-4, така што опсегот на вкупниот резултат може да варира во следните граници, според поединечни супскали: Борбеност (5 тврдења, од кои еден т.е. бр. 5 се кодира инверзно) во опсег 5-20; Насилство (4 тврдења) во опсег 4-16; Лутина (5 тврдења) во опсег 5-20; Грижа и кооперативност (8 тврдења) во опсег 8-32.*

Авторите (Bosworth & Espelage, 1995) известуваат, главно, за солидни индикатори на интерната конзистентност (Кронбах-алфа) на повеќето супскали: Борбеност (0,73), Насилство (0,83), Лутина (0,75), со исклучок на Грижа и кооперативност (0,60). Проверките, меѓутоа, покажаа поинакви резултати: Борбеност 0,429, Насилство 0,743, Лутина 0,694, и Грижа и кооперативност 0,740.

Очигледен проблем е недозволено ниската интерна конзистентност т.е. вредноста на индексот Кронбах-алфа (0,429) на првата по ред супскала т.е. Борбеноста (Fighting). Како што сугерираат податоците од табела 2, ниту пресметка преку стандардизирани резултати не ја подобрува ситуацијата во доволна мерка (0,530).

***Табела 2:*** *Проверка на интерна конзистентност (Кронбах-алфа): Супскала борбеност (Fighting)*

| Статистика на доверливост | | |
|---|---|---|
| Кронбах-алфа | Кронбах-алфа базиран на стандардизиран ајтем | N на ајтеми |
| .429 | .530 | 5 |

Разгледувањето на можноста за елиминација на одредени тврдења од проблематичната супскала не даде решение на проблемот. Како што може да се види во приложениот табеларен приказ, одреден резултат би можел да се постигне со елиминација на тврдењето бр. 5, но порастот на Кронбах-алфа само до 0,56 би бил недоволен, сѐ уште далеку од оптималните 0,70. Освен тоа, супскалата е составена од мошне мал број тврдења (пет), па исфрлањето на еден од нив од статистички причини веројатно би подразбирал драстична загуба во содржинскиот дел.

***Табела 3:*** *Проверка на интерна конзистентност (варијации на Кронбах-алфа со елиминација на поединечни тврдења): Супскала борбеност (Fighting)*

| *Тврдење, вкупна статистика* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *Средна скала ако тврдењето е елиминирано* | *Скала варијанса ако тврдењето е елиминирано* | *Коригирано тврдење – Тотална корелација* | *Кронбах-алфа ако тврдењето е елиминирано* |
| *AB_que_1* | *6.66* | *3.438* | *.313* | *.296* |
| *AB_que_2* | *6.85* | *3.313* | *.334* | *.275* |
| *AB_que_3* | *7.28* | *4.608* | *.390* | *.341* |
| *AB_que_4* | *7.21* | *4.681* | *.252* | *.379* |
| *AB_que_5* | *5.51* | *4.065* | *.040* | *.560* |

Од наведените причини, во сите натамошни планирани пресметки, од модификуваната скала за мерење на агресијата комплетно е исключена супскалата борбеност, а предвид се земаат само резултатите од трите преостанати супскали: Насилство т.е. ЗЗадевање и заплашување, Лутина и Грижа и кооперативност.

## ПОСТАПКА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Теренскиот дел на истражувањето е реализиран во периодот од февруари 2022 заклучно со април 2022 година, во просториите на училиштата. Претходните контакти и постигнатиот договор за соработка со раководните органи на училиштата овозможија оптимални услови за непречена техничка реализација на теренските активности.

Постапката на задавање на тестовите се одвиваше доследно на пропишаните правила и утврдените стандарди, односно со задолжително читање на подготвеното упатство, со водење сметка за редот и техничките услови во просторијата.

ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Според структурата на мерните инструменти, во истражвачката матрица на податоци доминираат интервални варијабли, какви што се резултатите на скалите на агресивност, моралните чувства срам и вина, заклучно со прашалникот за квалитетот на другарството. Номиналното ниво на мерење е застапено преку варијаблите пол и возраст.

Со цел да се истражи предиктивната моќ на сетот предикторски варијабли кон критериумската варијабла се користеше регресивна анализа. Како помошни статистички алатки користени се вообичаени мерки од доменот на дескриптивната статистика. Анализите се спроведени во статистичкиот пакет *IBM SPSS 25 (Statistical Package for the Social Sciences).*

# РЕЗУЛТАТИ

## 1. ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА

Како вовед во статистичката анализа, ќе бидат презентирани рутинските дескриптивни индикатори за сите применети мерни инструменти, мерки на централната тенденција и дисперзијата (варијабилноста) на резултатите, вклучувајќи го и тестот (Колмогоров – Смирнов) на нормалност на дистрибуцијата.

*Табела 4: Морално чувство на срам: дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Срам-вкупно** | Средна вредност | | 45.85 |
| | 95% Интервал на доверливост за средна вредност | Долна граница | 44.67 |
| | | Горна граница | 47.04 |
| | 5% Пресечена средна вредност | | 46.01 |
| | Медијана | | 46.00 |
| | Варијанса | | 105.361 |
| | Стандардна девијација | | 10.26 |
| | Минимум | | 15.00 |
| | Максимум | | 69.00 |
| | Опсег | | 54.00 |
| | Меѓуквартален опсег | | 14.00 |
| | Скјунес | | -.212 |
| | Куртозис | | -.235 |




***Графички приказ 1а:*** *Морално чувство на срам: нормалност на дистрибуцијата*

***Табела 5:*** *Морално чувство на вина: дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вина-вкупно** | Средна вредност | | 61.12 |
| | 95% Интервал на доверливост за средна вредност | Долна граница | 60.14 |
| | | Горна граница | 62.09 |
| | 5% Пресечена средна вредност | | 61.65 |
| | Медијана | | 63.00 |
| | Варијанса | | 71.52 |
| | Стандардна девијација | | 8.46 |
| | Минимум | | 28.00 |
| | Максимум | | 75.00 |
| | Опсег | | 47.00 |
| | Меѓуквартален опсег | | 10.00 |
| | Скјунес | | -1.021 |
| | Куртоза | | 1.424 |




***Графички приказ 1б:*** *Морално чувство на вина: нормалност на дистрибуцијата*

***Табела 6:*** *Квалитет на другарството: дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Квалитет на другарство** | Средна вредност | | 165.56 |
| | 95% Интервал на доверливост за средна вредност | Долна граница | 163.25 |
| | | Горна граница | 167.87 |
| | 5% Пресечена средна вредност | | 166.97 |
| | Медијана | | 171.00 |
| | Варијанса | | 400.65 |
| | Стандардна девијација | | 20.02 |
| | Минимум | | 83.00 |
| | Максимум | | 196.00 |
| | Опсег | | 113.00 |
| | Меѓуквартален опсег | | 25.00 |
| | Скјунес | | -1.124 |
| | Куртозис | | 1.321 |




***Графички приказ 1в:*** *Квалитет на другарството: нормалност на дистрибуцијата*

***Табела 7:*** *Агресија (насилство, задевање, заплашување): дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Агресија (насилство)*** | *Средна вредност* | | 5.74 |
| | *95% Интервал на доверливост за средна вредност* | *Долна граница* | 5.46 |
| | | *Горна граница* | 6.02 |
| | *5% Пресечена средна вредност* | | 5.44 |
| | *Медијана* | | 5.00 |
| | *Варијанса* | | 5.90 |
| | *Стандардна девијацција* | | 2.43 |
| | *Минимум* | | 4.00 |
| | *Максимум* | | 14.00 |
| | *Опсег* | | 10.00 |
| | *Меѓуквартален опсег* | | 3.00 |
| | *Скјунес* | | 1.64 |
| | *Куртозис* | | 2.06 |




***Графички приказ 1г:*** *Агресија (насилство, задевање, заплашување): нормалност на дистрибуцијата*

***Табела 8:*** *Агресија (лутина, бес): дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Агресивност (лутина)* | *Средна вредност* | | 7.86 |
| | *95% Интервал на доверливост за средна вредност* | *Долна граница* | 7.56 |
| | | *Горна граница* | 8.16 |
| | *5% Пресечена средна вредност* | | 7.64 |
| | *Медијана* | | 7.00 |
| | *Варијанса* | | 6.80 |
| | *Стандардна девијација* | | 2.61 |
| | *Минимум* | | 5.00 |
| | *Максимум* | | 18.00 |
| | *Опсег* | | 13.00 |
| | *Меѓуквартален опсег* | | 3.00 |
| | *Скјунес* | | 1.216 |
| | *Куртозис* | | 1.217 |




***Графички приказ 1д:*** *Агресија (лутина, бес): нормалност на дистрибуцијата*

***Табела 9:*** *Агресија (грижа и кооперативност): дескриптивни податоци*

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Агресивност (грижа и кооперативност)* | *Средна вредност* | | 21.80 |
| | *95% Интервал на доверливост за средна вредност* | *Долна граница* | 21.21 |
| | | *Горна граница* | 22.38 |
| | *5% Пресечена средна вредност* | | 21.92 |
| | *Медијана* | | 22.00 |
| | *Варијанса* | | 25.45 |
| | *Стандардна девијација* | | 5.04 |
| | *Минимум* | | 8.00 |
| | *Максимум* | | 32.00 |
| | *Опсег* | | 24.00 |
| | *Меѓуквартален опсег* | | 8.00 |
| | *Скјунес* | | -.300 |
| | *Куртозис* | | -.368 |




***Графички приказ 1ѓ:*** *Агресија (грижа и кооперативност): нормалност на дистрибуцијата*

Како што може да се види од приложените нумерички податоци и хистограми, *дистрибуциите на собраните податоци кај континуираните варијабли се видливо биасирани,* односно, сугерираат тенденција кај испитаниците да се избираат одговори што групниот просек ќе го концентрираат *не околу средината, туку кон еден од двата можни екстреми долж континуумот во ликертов тип на скала.* Особено карактеристични во тој поглед се дистрибуциите на варијаблите агресивност – насилство и агресивност-лутина, со екстремен биас на групниот просек кон одговорите пондерирани со низок скор во рамките на

ликертовиот континуум. Обратна тенденција е, пак, со групен просек во насока на висок скор, видлива кај варијаблите вина и квалитет на другарството. Релативно умерено во тој поглед изгледаат преостанатите две дистрибуции, т.е. варијаблите срам и агресивност-грижа и кооперативност.

Секако, формален показател кој ќе ги потврди или негира посочените примарни запазувања е рутинскиот статистички тест (Колмогоров – Смирнов) на нормалноста на дистрибуцијата на варијаблата (табела 10), покрај кој (како дифолтен податок од СПСС протоколот) е даден и алтернативниот Шапиро – Вилк образец.

***Табела 10:*** *Интервални варијабли: тест на нормалност на дистрибуцијата*

| Тест на нормалност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Колмогоров-Смирнов | | | Шапиро-Вилк | | |
| | Statistic | df | Sig. | Statistic | df | Sig. |
| Срам вкупно | .053 | 291 | .048 | .992 | 291 | .137 |
| Вина вкупно | .102 | 291 | .000 | .942 | 291 | .000 |
| Квалитет на другарство | .119 | 291 | .000 | .922 | 291 | .000 |
| Агресија (Задевање) | .242 | 291 | .000 | .742 | 291 | .000 |
| Агресија (Лутина) | .183 | 291 | .000 | .876 | 291 | .000 |
| Агресија (Г и Сор.) | .064 | 291 | .006 | .984 | 291 | .003 |
| *a. Лилиефорова Сигнификантна корекција* | | | | | | |

Повеќе од јасно, показателите од табела 10 и формално ги потврдуваат погоре изнесените првични импресии: дистрибуциите на собраните податоци на зададените мерни инструменти кај овој примерок испитаници *не го поминуваат тестот на нормалност,* во ниту еден случај (со можен исклучок на варијаблата срам, но тоа нема никакво практично значење).

Во услови на вака силно потенцирана дисторзија во дисперзијата на собраните податоци (особено во критериумската варијабла), *би било нелегитимно планираната регресивна анализа да се реализира преку мултиплата линеарна регресија.* Ваквата процедура, имено, покрај другите претпоставки, *инсистира и на нормална дистрибуција во зависната варијабла.* Алтернативни процедури, во вакви услови, би биле *ординалната логистичка регресија,* или пак *бинарната логистичка регресија.*

Согласно ова, во натамошните анализи применета е бинарна логистичка регресија. Тоа подразбира најпрви да се направи конверзија на изворно интервалните скали кај зависните варијабли во насока на номинални т.е. бинарни низи. Ваквата трансформација се прави врз основа на *медијаната,* која е земена како граничен скор што го дели целиот опсег на резултати во варијаблата на две дискретни категории: *ниско и високо*. Во конкретниот случај, тоа значи дека комплетниот опсег на интервалните варијабли агресија – насилство, агресија – лутина и агресија – грижа и кооперативност ќе биде сведен на два исходи: ниска/висока агресија – насилство, ниска/висока агресија – лутина, и ниска/висока агресија – грижа и кооперативност.

Во наредните табеларни прикази компаративно е даден опсегот на наведените варијабли во изворната интервална наспроти изведената бинарна форма.

***Табела 11:*** *Агресија – насилство, изворна интервална форма: фреквенции на резултати*

| **Агресија – Насилство (континуирано)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | 4.00 | 138 | 47.4 | 47.4 | 47.4 |
| | 5.00 | 43 | 14.8 | 14.8 | 62.2 |
| | 6.00 | 32 | 11.0 | 11.0 | 73.2 |
| | 7.00 | 24 | 8.2 | 8.2 | 81.4 |
| | 8.00 | 20 | 6.9 | 6.9 | 88.3 |
| | 9.00 | 7 | 2.4 | 2.4 | 90.7 |
| | 10.00 | 5 | 1.7 | 1.7 | 92.4 |
| | 11.00 | 6 | 2.1 | 2.1 | 94.5 |
| | 12.00 | 7 | 2.4 | 2.4 | 96.9 |
| | 13.00 | 6 | 2.1 | 2.1 | 99.0 |
| | 14.00 | 3 | 1.0 | 1.0 | 100.0 |
| | Вкупно | 291 | 100.0 | 100.0 | |

*__Табела 12:__ Агресија – насилство, изведена бинарна форма (Медијана = 5,00): фреквенции на резултати*

| Агресија – насилство (бинарно) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | **Ниско** | 181 | 62.2 | 62.2 | 62.2 |
| | **Високо** | 110 | 37.8 | 37.8 | 100.0 |
| | Вкупно | 291 | 100.0 | 100.0 | |

*__Табела 13:__ Агресија – лутина, изворна интервална форма: фреквенции на резултати*

| Агресија – лутина (континуирано) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | 5.00 | 44 | 15.1 | 15.1 | 15.1 |
| | 6.00 | 70 | 24.1 | 24.1 | 39.2 |
| | **7.00** | 47 | 16.2 | 16.2 | 55.3 |
| | 8.00 | 39 | 13.4 | 13.4 | 68.7 |
| | 9.00 | 27 | 9.3 | 9.3 | 78.0 |
| | 10.00 | 18 | 6.2 | 6.2 | 84.2 |
| | 11.00 | 16 | 5.5 | 5.5 | 89.7 |
| | 12.00 | 8 | 2.7 | 2.7 | 92.4 |
| | 13.00 | 9 | 3.1 | 3.1 | 95.5 |
| | 14.00 | 7 | 2.4 | 2.4 | 97.9 |
| | 15.00 | 2 | .7 | .7 | 98.6 |
| | 16.00 | 2 | .7 | .7 | 99.3 |
| | 17.00 | 1 | .3 | .3 | 99.7 |
| | 18.00 | 1 | .3 | .3 | 100.0 |
| | Збир | 291 | 100.0 | 100.0 | |

***Табела 14:** Агресија – лутина, изведена бинарна форма (Медијана = 7,00): фреквенции на резултати*

| Агресија – лутина (бинарно) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | **Ниско** | 161 | 55.3 | 55.3 | 55.3 |
| | **Високо** | 130 | 44.7 | 44.7 | 100.0 |
| | Вкупно | 291 | 100.0 | 100.0 | |

***Табела 15:** Агресија – грижа и кооперативност, изворна интервална форма: фреквенции на резултати*

| Агресија – грижа и кооперативност **(континуирано)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | 8.00 | 2 | .7 | .7 | .7 |
| | 9.00 | 2 | .7 | .7 | 1.4 |
| | 10.00 | 2 | .7 | .7 | 2.1 |
| | 11.00 | 2 | .7 | .7 | 2.7 |
| | 12.00 | 3 | 1.0 | 1.0 | 3.8 |
| | 13.00 | 5 | 1.7 | 1.7 | 5.5 |
| | 14.00 | 6 | 2.1 | 2.1 | 7.6 |
| | 15.00 | 14 | 4.8 | 4.8 | 12.4 |
| | 16.00 | 10 | 3.4 | 3.4 | 15.8 |
| | 17.00 | 14 | 4.8 | 4.8 | 20.6 |
| | 18.00 | 16 | 5.5 | 5.5 | 26.1 |
| | 19.00 | 18 | 6.2 | 6.2 | 32.3 |
| | 20.00 | 16 | 5.5 | 5.5 | 37.8 |
| | 21.00 | 24 | 8.2 | 8.2 | 46.0 |
| | **22.00** | 21 | 7.2 | 7.2 | 53.3 |
| | 23.00 | 22 | 7.6 | 7.6 | 60.8 |
| | 24.00 | 19 | 6.5 | 6.5 | 67.4 |
| | 25.00 | 21 | 7.2 | 7.2 | 74.6 |
| | 26.00 | 17 | 5.8 | 5.8 | 80.4 |
| | 27.00 | 14 | 4.8 | 4.8 | 85.2 |
| | 28.00 | 19 | 6.5 | 6.5 | 91.8 |
| | 29.00 | 12 | 4.1 | 4.1 | 95.9 |
| | 30.00 | 4 | 1.4 | 1.4 | 97.3 |
| | 31.00 | 5 | 1.7 | 1.7 | 99.0 |
| | 32.00 | 3 | 1.0 | 1.0 | 100.0 |
| | Збир | 291 | 100.0 | 100.0 | |

*Табела 16: Агресија – грижа и кооперативност, изведена бинарна форма (Медијана = 22,00): фреквенции на резултати*

| Агресија – грижа и кооперативност (Бинарно) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валидно | **Ниско** | 155 | 53.3 | 53.3 | 53.3 |
| | **Високо** | 136 | 46.7 | 46.7 | 100.0 |
| | Вкупно | 291 | 100.0 | 100.0 | |

## ИНФЕРЕНЦИЈАЛНА АНАЛИЗА

Со оглед на постоењето на три издвоени критериумски варијабли (агресија – насилство, агресија – лутина и агресија - грижа и кооперативност), овој сегмент од анализите ќе биде презентиран во вид на три соодветни блокови на пресметки. Во сетот предиктори влегуваат (1) полот, (2) возраста, (3) моралното чувство срам, (4) моралното чувство вина и (5) квалитетот на другарството.

### *ПРЕДИКЦИЈА НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ (1): НАСИЛСТВО (ЗАДЕВАЊЕ И ЗАПЛАШУВАЊЕ)*

Во интерес на просторот, овде ќе биде претставена селекција на пресметки и табеларни прикази за бинарна логистичка регресија.

Табелата 17 покажува колкава е веројатноста, ако веќе варијаблата агресија – насилство е сведена на бинарна низа (ниско - високо), да се „погоди“ дали даден испитаник ќе припадне во едната или во другата категорија т.е. дали неговиот скор на оваа варијабла би бил „низок“ или пак би бил „висок“. Во оваа фаза, се работи за случајно погодување, без користење на било какви други податоци т.е. предиктори. Табелата покажува дека веројатноста точно да се предвиди дека даден испитаник припаѓа во категоријата „ниска“ агресија - насилство изнесува 62,20%, односно точно онолку колку што оваа категорија (181 испитаник) процентуално учествува во вкупната бројка (N=291). Аналогно, ако се предвиди дека испитаникот припаѓа во категоријата „висока“ агресија –

насилство, тогаш можностите за точност на предвидувањето би биле драстично помали (37,80%), од проста причина што таа категорија е помалку застапена во вкупниот примерок (110 испитаници).

***Табела 17:*** *Агресија – насилство (бинарна): предикција „по видување“ (без користење на предиктори)*

| Почетен блок (Блок 0): Касификациска табела | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опсервирано | | Предвидено | | |
| | | | Насилство_бинарно | | Процент Точно |
| | | | Високо | Ниско | |
| Чекор 0 | Насилство_бинарно | високо | 0 | 110 | .0 |
| | | ниско | 0 | 181 | 100.0 |
| | Вкупен процент | | | | 62.2 |
| a. Константата е вклучена во моделот | | | | | |
| b. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Што би се случило, меѓутоа, ако таквото предвидување биде направено со користење на други варијабли како предиктори? Во случајот, такви предиктори се **половата припадност** (женско – машко), **возраста** (средно/доцно детство – средна адолесценција), **степенот на моралното чувство срам, степенот на моралното чувство вина**, заклучно со **квалитетот на другарството**. Наредната табела бр. 18 покажува дали наведените варијабли *земени како поединечни предиктори* би можеле да бидат корисни при предвидувањето дали даден испитаник ќе припадне во категоријата „ниска“ или пак во „висока“ агресија – насилство. Очигледно е дека предиктивната моќ на секој од петте предиктори *поединечно* е статистички потврдена *($p<0.01$),* што впрочем е во целосна согласност со теориските и емпирските сознанија за релациите меѓу наведените независни варијабли и агресивните поведенија.

*__Табела 18:__ Агресија – насилство (бинарна): предикција преку поединечни предиктори*

| **Почетен блок (Блок 0): Варијаблите не се во равенката** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Скор | df | Sig. |
| Чекор | Варијабли | (1) дете (2) адолесцент | 21.128 | 1 | **.000**** |
| | | (1) женски (2) машки | 16.297 | 1 | **.000**** |
| | | Срам вкупно | 15.691 | 1 | **.000**** |
| | | Вина вкупно | 15.267 | 1 | **.000**** |
| | | Квалитет на пријателство | 7.380 | 1 | **.007**** |
| | Вкупна статистика | | 44.101 | 5 | **.000**** |

Главното прашање, всушност, е има ли потреба при евентуалното предвидување на припадноста на даден испитаник кон „ниската“ или кон „високата“ категорија на агресивно однесување – насилство да се користат сите овие пет варијабли како предиктори? Одговор на ова прашање даваат наредните табеларни прикази.

Табела 19 покажува дека со користење на модел во вид на сетот од петте посочени предиктори, веројатноста за точно предвидување расте на 69,80% (за вкупно 155+48=203 испитаници би било исправно предвидено во која од двете категории спаѓаат, од можни 291), во споредба со претходните 62,20%, што би биле постигнати при случајно погодување без користење на предиктори (табела 17).

*__Табела 19:__ Агресија - насилство (бинарна): предикција преку користење на моделот од 5 предиктори*

| **Блок 1, метод внесен: Класификациска табела** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Предвидено | | |
| | | | Насилство бинарно | | Процент точен |
| | Опсервирано | | високо | ниско | |
| Чекор 0 | Насилство бинарно | високо | 48 | 62 | .0 |
| | | Ниско | 26 | 155 | 100.0 |
| | Вкупен процент | | | | 69.8 |
| a. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Дали посочениот скок во успешноста на предикцијата (69,80% во споредба со прелиминарите 62,20%) е доволно проминентен за да биде и статистистички потврден како значаен?

Податоците од наредната табела 20 потврдуваат дека предикцијата преку моделот базиран врз петте посочени предикторски варијабли е статистички значајно поуспешна *(p<0.01)* во споредба со случајното погодување, без предиктори.

***Табела 20:*** *Агресија – насилство (бинарна): статистичка значајност на растот на предиктивната потенција на моделот од 5 предиктори во споредба со случајно погодување*

| **Блок 1 метод внесе: Омнибус тестови на Модел коефициент** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Chi-квадрат | df | Sig. |
| Чекор 1 | Чекор | 46.936 | 5 | **.000**** |
| | Блок | 46.936 | 5 | **.000**** |
| | Модел | 46.936 | 5 | **.000**** |

Наведениот модел објаснува (сетот вклучени варијабли земени заедно објаснуваат) нешто над 20% проценти од варијансата во критериумската варијабла агресија – насилство (табела 21, индекс Nagelkerke R square).

***Табела 21:*** *Агресија – насилство (бинарна): процент на објаснета варијанса преку моделот од 5 предиктори*

| **Блок 1 метод внесен: Модел сумарно** | | | |
|---|---|---|---|
| Чекор | -2 Log Веројатност | Cox & Snell R Квадрат | Nagelkerke R Квадрат |
| 1 | 338.977[a] | .149 | .203 |
| a. Проценката е ограничена **на итеракција** 4 затоа што проценката на параметарот се смени за помалку од .001. | | | |

Финално, табела 22 нуди увид во поединечниот придонес на секоја од петте поединечни предикторски варијабли, но сега во рамки на предиктивниот модел земен како целина. Табеларните податоци покажуваат дека во овој предиктивен модел (пол, возраст, срам, вина, квалитет на другарство) *само два од петте предиктори т.е. категоријалните варијабли пол (p<0.01) и возраст (p<0.01) значајно придонесуваат кон предиктивната моќ на моделот.* Во овој примерок ученици, припадноста кон адолесцентната возрасна група ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија – насилство за повеќе од три пати *(ExpB=3,156),* а припадноста кон машкиот пол за осетно повеќе од двојно *(ExpB=2,710)*. Од друга страна, *интервалните варијабли (срам, вина и квалитет на другарството) како делови од моделот речиси и не придонесуваат*

*кон неговата предиктивна моќ,* односно придонесуваат симболично малку, па можат да бидат занемарени (повисок скор на варијаблата вина за 1 ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија - насилство за само 2,5%, кај варијаблата срам за 1,3%, а кај варијаблата квалитет на другарството за 0,4%).

***Табела 22:*** *Агресија – насилство (бинарна): предиктивна моќ на поединечни предиктори во рамките на моделот*

| Блок 1 метод внесен: Варијабли во равенката | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
| Чекор 1[a] | (1) дете (2) адолесцент | 1.149 | .304 | 14.319 | 1 | .000** | 3.156 |
| | (1) женски (2) машки | .997 | .280 | 12.656 | 1 | .000** | 2.710 |
| | Срам вкупно | .013 | .018 | .481 | 1 | .488 | 1.013 |
| | Вина вкупно | .024 | .022 | 1.275 | 1 | .259 | 1.025 |
| | Квалитет на другарство | .004 | .007 | .248 | 1 | .618 | 1.004 |
| | Константа | -3.150 | 1.300 | 5.875 | 1 | .015 | .043 |

Ваквата диспропорција во предиктивната моќ на една иста независна варијабла како (а) поединечен предиктор наспроти (б) дел од модел заедно со други предиктори, *секако се должи на значајните корелации меѓу самите предиктори.* Во ситуација кога постои т.н. „колинеарност“ (значајни интеркорелации) внатре во сетот предиктори, поединечно посилните предиктори (овде: полот и возраста) ја преземаат предиктивната моќ на поединечно послабите (овде: моралните чувства срам и вина, како и квалитетот на другарството), токму преку меѓусебната висока корелација со нив, и ги прават излишни во моделот. За илустрација, во наредната табела 23 ќе биде прикажана интеркорелациската матрица на петте предиктори. Како што може да се види, колинеарноста е видливо присутен образец во рамките на овој сет независни варијабли, што во крајна линија резултира со посочениот исход: поединечно валиден предиктор сместен во заеднички модел со други предиктори ја „губи“ предиктивната моќ, „отстапувајќи“ ја на друг предиктор (со кој е во висока интеркорелација).

***Табела 23:*** *Интеркорелации во моделот од 5 предиктори*

| **Корелации** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | (1) Дете (2) адолесцент | (1) женски (2) машки | Срам | Вина | Квалитет на другарство |
| (1) Дете (2) адолесцент | Пирсонова корелација | 1 | -.042 | -.393** | -.197** | -.119* |
| | Sig. (2-tailed) | | .479 | .000 | .001 | .042 |
| | N- примерок | 291 | 291 | 291 | 291 | 291 |
| (1) женски (2) машки | Пирсонова корелација | -.042 | 1 | -.112 | -.224** | -.282** |
| | Sig. (2-tailed) | .479 | | .057 | .000 | .000 |
| | N - примерок | 291 | 291 | 291 | 291 | 291 |
| Срам | Пирсонова корелација | -.393** | -.112 | 1 | .638** | .154** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .057 | | .000 | .009 |
| | N- примерок | 291 | 291 | 291 | 291 | 291 |
| Вина | Пирсонова Корелација | -.197** | -.224** | .638** | 1 | .366** |
| | Sig. (2-tailed) | .001 | .000 | .000 | | .000 |
| | N- примерок | 291 | 291 | 291 | 291 | 291 |
| Квалитет на другарство | Пирсонова Корелација | -.119* | -.282** | .154** | .366** | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | .042 | .000 | .009 | .000 | |
| | N | 291 | 291 | 291 | 291 | 291 |
| **. Корелацијата е значајна на 0.01 ниво (2-tailed). | | | | | | |
| *. Корелацијата е значајна на 0.05 ниво (2-tailed). | | | | | | |

***ПРЕДИКЦИЈА НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ (2): ЛУТИНА (БЕС)***

Табелата 24 покажува колкава е веројатноста точно да се „погоди“ дали даден испитаник ќе припадне во „ниска“ или пак во „висока“ категорија според постигнатиот скор на варијаблата агресија – лутина. При случајно погодување, без користење на какви било други податоци како предиктори, табеларните податоци покажуваат дека веројатноста точно да се предвиди дека даден испитаник припаѓа во категоријата „ниска“ агресија – лутина изнесува 55,30%,

што е нумерички одраз на процентуалното учество на оваа категорија (160 испитаници) во вкупната бројка (N=291).

***Табела 24:*** *Агресија – лутина (бинарна): предикција „по видување“ (без користење на предиктори)*

| Почетен блок (Блок 0): Класификациска табела | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опсервирано | | Предвидено | | |
| | | | Насилство бинарно | | Процент Точен |
| | | | високо | ниско | |
| Чекор 0 | Лутина бинарно | високо | 0 | 130 | .0 |
| | | ниско | 0 | 161 | 100.0 |
| | Вкупен процент | | | | 55.3 |
| a. Константа е вклучена во моделот | | | | | |
| b. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Ако во таквото предвидување би биле вклучени петте независни варијабли како *поединечни предиктори* (табела бр. 25), како статистички значајна *(p<0.05)* би се потврдила само предиктивната моќ на варијаблата вина. Останатите четири предиктори (полот, возраста, срам и квалитетот на другарство), како што индицираат табеларните вредности подолу, немаат значајна предиктивна моќ за критериумска варијабла агресија – лутина (земена во бинарна форма, ниска-висока).

***Табела 25:*** *Агресија – лутина (бинарна): предикција преку поединечни предиктори*

| Почетен блок (Блок 0): Варијабли кои не се во равенката | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Скор | df | Sig. |
| Чекор 0 | Варијабли | (1) дете (2) адолесцент | 2.849 | 1 | .091 |
| | | (1) женски (2) машки | .301 | 1 | .583 |
| | | Срам вкупно | .126 | 1 | .723 |
| | | Вина вкупно | 4.169 | 1 | **.041*** |
| | | Квалитет на другарство | 2.639 | 1 | .104 |
| | Вкупна статистика | | 9.575 | 5 | .088 |

Што ќе се случи ако петте предиктори бидат земени заедно, како модел? Предиктивната моќ на тој модел е покажана во табела 26 и сугерира дека предиктивната моќ (59,50% можост од точно предвидување) на овој модел е

само незначително поголема од случајното погодување, без користење на предиктори (55,30%).

***Табела 26:*** *Агресија – лутина (бинарна): предикција преку користење на моделот од 5 предиктори*

| Блок 1 метод внесен: Касификациска табела | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опсервирано | | Предвидено | | |
| | | | Лутина бинарно | | Процент Точен |
| | | | високо | ниско | |
| Чекор о | Лутина бинарно | високо | 45 | 85 | 34.6 |
| | | ниско | 33 | 128 | 79.5 |
| | Вкупен процент | | | | 59.5 |
| a. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Податоците од наредната табела 27 потврдуваат дека предикцијата на зависната варијабла агресивност-лутина преку овој модел (пет предикторски варијабли) во целина не е значајно поуспешна во споредба со случајното погодување, без предиктори.

***Табела 27:*** *Агресија – лутина(бинарна): статистичка значајност на растот на предиктивната моќ на моделот (сет) од 5 предиктори во споредба со случајно погодување*

| Блок 1 метод внесен: Омнибус тестови на модел коефициенти | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Chi-квадрат | df | Sig. |
| Чекор 1 | Чекор | 9.755 | 5 | .082 |
| | Блок | 9.755 | 5 | .082 |
| | Модел | 9.755 | 5 | .082 |

Слабата предиктивна моќ на моделот дополнително е покажана и преку ниските 4,40% проценти објаснета варијанса во критериумската варијабла агресија – лутина (табела 28, индекс Nagelkerke R square).

***Табела 28:*** *Агресија – лутина (бинарна): процент на објаснета варијанса преку моделот од 5 предиктори*

| Блок 1 метод внесен: Модел сумарно | | | |
|---|---|---|---|
| Чекор | -2 Log веројатност | Cox & Snell R Квадрат | Nagelkerke R Квадрат |
| 1 | 390.348[a] | .033 | .044 |
| a. Проценката е ограничена на итеракција 3 затоа што проценката на параметарот се смени за помалку од .001. | | | |

Податоците од завршната табела 29 покажуваат дека од петте вклучени предикторски варијабли во рамки на предиктивниот модел, значајна предиктивна моќ за наведената критериумска варијабла (агресија – лутина) има само моралното чувство на вина *($p<0.05$)*, со што е потврдена претходно посочената предиктивна сила на оваа варијабла земена како поединечен предиктор. Со пораст на збирот на мерката на моралното чувство на вина за 1 поен, веројатноста испитаникот да припадне во категоријата „ниска“ агресија – лутина расте за многу скромни 4,30%. Преостанатите *четири предиктори во моделот се излишни, односно нивното придодавање кон моралното чувство вина не придонесува за подобрување на предикцијата, па произлегува дека ваквиот модел е непотребен.*

***Табела 29:*** *Агресија – лутина (бинарна): предиктивна моќ на поединечни предиктори во рамките на моделот*

| Блок 1 метод внесен: Варијабли во равенката | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
| Чекор 1[a] | (1) дете (2) адолесцент | -.491 | .271 | 3.293 | 1 | .070 | .612 |
| | (1) женски (2) машки | -.015 | .258 | .004 | 1 | .953 | .985 |
| | Срам_вкупно | -.029 | .017 | 2.978 | 1 | .084 | .971 |
| | Вина_вкупно | .043 | .020 | 4.378 | 1 | **.036*** | 1.043 |
| | Квалитет на другарство | .004 | .007 | .372 | 1 | .542 | 1.004 |
| | Константа | -.918 | 1.546 | .353 | 1 | .553 | .399 |

### *ПРЕДИКЦИЈА НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ (3): ГРИЖА И КООПЕРАТИВНОСТ*

Воведната табела 30 покажува колкава е веројатноста точно да се „погоди“ дали даден испитаник ќе припадне во „ниска“ или пак во „висока“ категорија според постигнатиот скор на варијаблата агресија – грижа и кооперативност. Табеларните податоци покажуваат дека при случајно погодување (без користење на други податоци како предиктори), веројатноста точно да се предвиди дека испитаникот припаѓа во категоријата „ниска“ агресија – грижа и кооперативност изнесува 53,30%, како нумерички одраз на

процентуалното учество на оваа категорија (155 испитаници) во вкупната бројка (N=291).

***Табела 30:*** *Агресија – грижа и кооперативност (бинарна): предикција „по видување“ (без користење на предиктори)*

| **Почетен блок (Блок 0): Класификациска табела** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Опсервирано | | Предвидено | | |
| | | | Насилство_бинарно | | Процент Точно |
| | | | високо | ниско | |
| Чекор 0 | ССВ_бинарно | високо | 0 | 136 | .0 |
| | | ниско | 0 | 155 | 100.0 |
| | Вкупен процент | | | | 53.3 |
| a. Константата е вклучена во моделот | | | | | |
| b. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Доколку во таквото предвидување би биле вклучени петте независни варијабли како *поединечни предиктори* (табела бр. 31), како статистички значајни предиктори би се потврдиле: полот *(p<0,01)*, моралното чувство вина *(p<0,01)*, и квалитетот на другарството *(p<0,05)*. Преостанатите два предиктори (возраста и моралното чувство срам) немаат значајна предиктивна моќ за критериумска варијабла агресија – грижа и кооперативност (земена во бинарна форма, ниска-висока).

***Табела 31:*** *Агресија – грижа и кооперативност (бинарна): предикција преку поединечни предиктори*

| ***Почетен блок (Блок 0): Варијабли не се во равенката*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Скор* | *df* | *Sig.* |
| *Чекор 0* | *Варијабли* | *(1) дете (2) адолесцент* | *1.125* | *1* | *.289* |
| | | *(1) женски (2) машки* | *7.116* | *1* | ***.008***** |
| | | *Срам_вкупно* | *3.328* | *1* | *.068* |
| | | *Вина_вкупно* | *7.525* | *1* | ***.006***** |
| | | *Квалитет на другарство* | *5.965* | *1* | ***.015**** |
| | *Вкупна статистика* | | *13.611* | *5* | *.018* |

Предиктивната моќ на сетот од пет варијабли како интегрален предиктивен модел е покажана во табела 32 и сугерира дека предиктивната

моќ (63,20% можност од точно предвидување) на овој модел е забележително поголема од случајното погодување, без користење на предиктори (53,30%).

***Табела 32:*** *Агресија – грижа и кооперативност (бинарна): предикција преку користење на моделот од 5 предиктори*

| Блок 1 метод внесен: Класификациона табела | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Предвидено | | |
| | | | ССВ_бинарно | | Процент |
| | Опсервирано | | високо | ниско | Точен |
| Чекор 0 | CCB_binary | високо | 78 | 58 | 57.4 |
| | | ниско | 49 | 106 | 68.4 |
| | Вкупен процент | | | | 63.2 |
| a. Пресечена вредност е .500 | | | | | |

Податоците од наредната табела 33 потврдуваат дека предикцијата на зависната варијабла агресија – грижа и кооперативност преку овој модел (пет предикторски варијабли) во целина е статистички значајно поуспешна *(p<0,05)* во споредба со случајното погодување, без предиктори.

**Табела 33:** ***Агресија – грижа и кооперативност(бинарна):*** *статистичка значајност на растот на предиктивната моќ на моделот од 5 предиктори во споредба со случајно погодување*

***Блок 1 метод внесен:*** *Омнибус тестови на модел коефициенти*

| | | Chi-квадрат | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|
| Чекор 1 | Чекор | 14.035 | 5 | **.015*** |
| | Блок | 14.035 | 5 | **.015*** |
| | Модел | 14.035 | 5 | **.015*** |

Предиктивната моќ на моделот, иако статистички потврдена *(p<0,05),* може да објасни мошне скромни 6,30% од варијансата во критериумската варијабла агресија – грижа и кооперативност (табела 34, индекс Nagelkerke R square).

**Табела 34:** ***Агресија – грижа и кооперативност (бинарна):*** *процент на објаснета варијанса преку моделот од 5 предиктори*

*Блок 1 метод внесен: Модел сумиран*

| Чекор | -2 Log веројатност | Cox & Snell R квадрат | Nagelkerke R квадрат |
|---|---|---|---|
| 1 | 388.135[a] | .047 | .063 |

a. Проценката е ограничена на итерација број 3 затоа што параметарот за проценка се менуваше за помалку од .001

За крај, податоците од финалната табела 35 покажуваат дека од петте вклучени предикторски варијабли во рамки на предиктивниот модел, *значајна предиктивна моќ за наведената критериумска варијабла (агресивност-лутина) има само полот ($p<0.05$),* со што е потврдена претходно посочената предиктивна моќ на оваа варијабла земена како поединечен предиктор. Во овој примерок ученици, припадноста кон женскиот пол ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија – грижа и кооперативност за нешто повеќе од 60% *(ExpB=1,626)*. Што се однесува до поединечниот придонес на преостанатите четири предиктори во овој модел, сите тие придонесуваат симболично малку, па можат да бидат занемарени (припадноста кон детската возрасна група ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија – грижа и кооперативност за скромни 16,8%, додека повисок скор на интервалните варијабли срам, вина и квалитет на другарство за 1 поен ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија – грижа и кооперативност за микроскопски и навистина занемарливи 0,1%, 0,25% и 0,8%, респективно).

***Табела 35:*** *Агресија – грижа и кооперативност (бинарна): предиктивна моќ на поединечни предиктори во рамките на моделот*

| **Блок 1 метод внесен: Варијабли во равенката** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
| Чекор 1[a] | (1) дете (2) адолесцент | .155 | .268 | .336 | 1 | .562 | 1.168 |
| | (1) женски (2) машки | .486 | .258 | 3.548 | 1 | **.036*** | 1.626 |
| | Срам_вкупно | -.001 | .016 | .006 | 1 | .937 | .999 |
| | Вина_вкупно | -.025 | .020 | 1.537 | 1 | .215 | .975 |
| | Квалитет на другарство | -.008 | .007 | 1.223 | 1 | .269 | .992 |
| | Константа | 2.067 | 1.597 | 1.676 | 1 | .196 | 7.902 |

Повторно е присутна, како што може да се види, диспропорција во предиктивната моќ на една иста независна варијабла како (а) поединечен предиктор наспроти (б) дел од модел заедно со други предиктори. Во овој случај се работи за независните варијабли (1) морално чувство на вина и (2) квалитет на другарството. На овој примерок ученици, *нивната потврдена предиктивна моќ како поединечни предиктори „исчезнува" ако влезат во интегрален предиктивен модел заедно со полот*. Причината, како што веќе е дискутирано погоре, лежи во високите интеркорелации (колинеарност) внатре во сетот предиктивни варијабли.

## ДИСКУСИЈА

Овој труд има за цел да истражи дали повисоко изразеното чувство на срам, пониско изразеното чувство на вина, пониският квалитет на другарство, помалата возраст и припадноста кон машкиот пол предвидуваат повисок степен на агресивно однесување кај деца и адолесценти.

Истражувањето укажува на тоа дека децата и адолесцентите се премногу сензитивни кога станува збор за агресивно однесување и имаат сознанија за неговата неприфатливост во социјалниот контекст како резултат на влијанијата на социјализаторските програми во училиштата, семејството, социјалните мрежи и други агенси на социјализација.

При известувањата за личните искуствата за агресивно однесување (физичко или вербално), децата и адолесцентите, дефанзивно негираат и/или даваат социјално пожелни одговори што насочува кон теориската концепција и истражувањето на Селман (Selman 1980; Vasta et al., 2005*)* во врска со свесност за себе дека децата ги вреднуваат чувствата и мотивите кои можат да бидат различни од однесувањето и во согласност со тоа и себството би било сокриено од другите, или како што веруваат адолесцентите, луѓето можат да ги набљудуваат, осознаваат и вреднуваат своите внатрешни потреби и постапки и не се принудени да известуваат за нив ако не сакаат. Ваквите појави на дефанзивност се присутни и во други истражувања, како што е истражувањето за врсничко насилство кај адолесценти од средните училишта во Скопје, каде е утврдено дека одбивањето да се информира за лични искуства при сензитивни теми не е случајно и индицира на два поврзани феномени: сериозноста на насилството во училиштето и голем број од оние што не одговориле за личното искуство, веројатно биле жртви на некоја од формите на насилство (Петковска, Николовска, 2022).

Во целина, *предиктивната моќ на сетот од петте предиктори за поширокиот критериум агресивно однесување се покажа како мошне скромна.* Интегралниот сет предиктори покажа релативно употреблива сила на предвидување само кај поткритериумот агресија – насилство (објаснува приближни 20% од варијансата), но при тоа значајно кон таа предиктивна моќ придонесуваат само предикторите пол и возраст. Без оглед на статистичката

значајност, кај поткритериумот агресија – грижа и кооперативност, објаснетата варијанса (приближни 6%) е мошне ниска, со значаен придонес само од страна на полот како предиктор и со излишност на останатите четири. Кај преостанатиот поткритериум (агресија – лутина) интегралниот предиктивен модел е целосно незначаен, т.е. претставува неефикасна предиктивна алатка, со занемарлива моќ на предвидување.

Во таа смисла, може да се констатира дека само *делумно е потврдена истражувачката хипотеза дека повисоко изразеното чувство на срам, пониско изразеното чувство на вина, пониският квалитет на другарство, помалата возраст и припадноста кон машкиот пол предвидуваат повисок степен на агресивно однесување кај деца од училишна возраст и адолесценти.*

За да одговориме на поставената цел, ќе ги разгледаме посебно поединечните и заедничките влијанија на предиктивните варијабли (морални чувства на срам и вина, квалитет на другарство, пол и возраст) на критериумската варијабла агресивно однесување преку поткритериумските варијабли: агресија – насилство, агресија – помагање и кооперативност и агресија – лутина кај деца и адолесценти.

**МОРАЛНО ЧУВСТВО СРАМ**

***Агресија – насилство***

*Моралното чувство* на срам *како дел од моделот не е потврдено како значаен предиктор на агресивното однесување, на ниту еден од трите покритериуми.* Како поединечен предиктор, може да биде од корист при предвидување на однесувањето на испитаникот на мерката на поткритериумот агресија – насилство, но во обратна насока од тврдењето во хипотезата (корелацијата е негативна т.е. повисок скор на моралното чувство срам е поврзан со понизок скор на агресија – насилство и обратно).

Ова навидум е во спротивно со хипотезата како и етаблирани емпириски податоци; сепак, истовремено ја отсликува динамиката на резултати од екстензивни истражувања за корелацијата помеѓу срам и поткритериумот агресија – насилство (вербално насилство). Поедини истражувачи (Tangney, Wagner, Fletcher, & Gramzow, 1992; според Stuewing, Tangney, 2007) не наоѓаат корелација помеѓу тенденција кон срам и физичка и

вербална агресија кај возрасни, адолесценти и деца; подоцна дел од истражувачите користејќи други инструменти, пронашле корелација меѓу тенденција на срам и двата вида агресија – физичка и вербална агресија (Tangney & Wagner, 1996; според Stuewing & Tangney, 2007). Тангни и соработниците (Tangney et al., 1996) како и Паулус и соработниците (Paulhus et al., 2004, според Tracy, Robins, & Tangney, 2007) во нивни студии за вербална и физичка агресија, дошле до сознанија за позитивна корелација помеѓу тенденција кон срам и физичката агресија во независни примероци на возрасни, адолесценти и деца. Во друга студија со деца (возраст помеѓу 5 и 12 г. машки – женски) манифестираните симптоми на агресија и деликвенција биле позитивно поврзани со тенденција кон чувство на срам (Ferguson, Stegge, Miller, & Olsen, 1999). Тангни и сор. (Tangney et al., 1996) констатирале дека постојат проблеми со операционализацијата на зависните варијабли и истражувачите кои проучувале неклинички примероци честопати не правеле дистинкција меѓу сродните конструкции, збунувачка агресија со лутина, непријателство, екстернализација на вина и/или друго проблематично однесување. Односот помеѓу срам и агресија веројатно е посложен и посуптилен отколку само директните ефекти и затоа се потребни понатамошни испитувања на можни медијатори на овие односи (Tangney & Daring, 2002). Други истражувачи, исто така, пронашле корелација помеѓу засебни форми на агресија (физичка и вербална) користејќи поосетливи инструменти за агресија со посредство на екстернализација на вина помеѓу тенденција на срам и разни видови на агресија.

Истражувањата потврдуваат дека при доживување на срам, предмет на самоевалуација е себството во глобала (Lewis, 1971) и поттикнува болно чувство, мотивира избегнување и сокривање или обвинување на другите за личниот престап (Barrett, 1995; Lewis, 1971; Lindsay- Hartz, 1984; Tangney, Miller, Flicker, & Barlow, 1996; според Tangney и Dearing, 2002). Истражувањата, исто така, потврдуваат дека и во фундаментот на *екстернализација на вина* лежи срамот, при што грешката никогаш не се коригира.

Во случај кога мерните инструменти не се доволно сензитивни за да го детектираат дијапазонот на реакции и различни мотивации (сокривање, бегање, обвинување на другите), тогаш резултатите не би биле непрецизни, следствено на тоа корелација е мала, но во обратна насока. Податоците

насочуваат кон тврдењето: „иако постоечките студии сугерираат дека врската на срамот и агресијата не може да биде толку силна или постојана колку што се претпоставува во дел од литературата, постојат малку емпириски докази дека срамот игра каква било заштитна или инхибиторна функција“ (според Stuewig & Tangney, 2007; стр.375). Од претходното тврдење следува дека податоците - повисок скор на моралното чувство срам предвидува понизок скор на агресија – насилство т.е. со мала веројатност може да се предвиди дека при доживување на интензивен срам учениците би се повлекле, сокриле, или би ги обвинувале другите и со тоа инхибиторно би делувале на агресивни тенденции за насилство (да ги задеваат и заплашуваат врсниците).

Поедини истражувачи претпоставуваат и дека односот веројатно помеѓу срам и агресија би зависел и од *вид на агресија* што се мери ако се земе предвид дека луѓето/учениците склони кон срам со помала веројатност би се вклучиле во отворена физичка агресија и со поголема веројатност би се вклучиле во индиректни агресивни активности поради нивната тенденција да се сокријат или да ја одбегнат (според нив) можноста да бидат во центар на внимание, каде нивното себство би било изложено на оценување од другите (според Stuewig & Tangney, 2007).

Сензитивност на учениците кога станува збор за агресивно однесување може да влијае врз степенот на самоизвестување за фреквенцијата и интензитетот на агресивното однесување. При известувања за личните искуствата за агресивно однесување (физичко и/или вербално), тие даваат дефанзивни и социјално пожелни одговори. И во Македонија, пронајдено е одбивање да се информира за личните искуства, поврзано со сериозноста на насилството како и веројатноста дека биле жртви на некои од формите на насилство (Петковска, Николовска, 2022).

Микро и макро системите и културата, со примарна улога на семејството (Bandura, 1973, 1986, 1989; според Vasta et al., 2005) влијаат врз „оформување на нормите“ за интеракција во социјалниот свет (Higgins, 1991; Roubai & Frey, 1991; според Lagattuta & Thompson, 2007) и интроспекцијата при самоевалуација на однесувањето (Flavell, Green, & Flavell, 1995; според Tracy, Robins & Tangney, 2007). Според Мурџева- Шкариќ (1984) *„...појавата на агресивни импулси и агресивни поведенија во една ситуација на интеракција зависат од очекувањата што постојат во врска со улогите на единките во определена група...“ (стр.149),* во

поширокиот контекст на значајниот ефект од културата и другите социјализаторски фактори. Исто така ефектите од културата и социјализаторските фактори влијаат и врз резултатите од било какви мерења. Истражувањата посочуваат дека развојот на самосвесните чувства и ставовите на децата кон истите треба да се разгледаат во рамки на поголеми културни системи и верувања особено за концептуализација на себството (Lagattuuta & Thompson, 2007) и како што е потврдено во едно од истражувањата, децата од западна и незападна култура се разликуваат во однос на тоа дали лутината или срамот се посоодветни афективни реакции при интерперсонални тешкотии, како и во нивното разбирање на општествени конвенции кои бараат прикажување на позитивни и негативни чувства (Cole, Brushi & Tamang, 2002; според Lagattuuta &  Thompson, 2007). Во друго истражување демонстрирано е дека американските мајки имаат тенденција да ги атрибутираат недоличните однесувања на своите деца како живост или палавост додека кинеските мајки или кинеско-американските мајки повеќе го потенцираат срамот карактеристичен за недолични однесувања (Miller, Fung& Leung, 2003; според Lagattuuta &  Thompson, 2007). Во американската култура, исто така, *во секојдневна комуникација луѓето известуваат за вина, тие помалку известуваат за срам* (Tangney and Dearing, 2002), додека во нашето традиционално воспитување, при недолично однесување на децата им се упатуваа пораки „Зарем не ти е срам?„ „Засрами се!“ – пораките се со негативна конотација и насочени кон глобалното себството/личноста. Оваа состојба со тек на времето се менува. Истражувањата во последните две децении постојано покажуваат дека тенденција *кон срам* е асоцирана со широк спектар на психолошки симптоми, вклучувајќи *ниска самодоверба, депресија, анксиозност, лутина и агресивност, симптоми на нарушување во исхрана, посттрауматско стресно нарушување и* суицидални идеи (Tangney & Dearing, 2002). За поцелосна слика на овој однос освен самоизвестувачки мерки добро е да се користат и  други поткрепувачки податоци кои подобро ги отсликуваат природата на варијаблите спомнати погоре.

*Агресија – лутина*

Срамот во поглед на агресија – лутина, исто така, не покажува значајна предиктивна моќ. За разлика од агресија – насилство, емпириските податоци се појасно делинеирани во поглед на природата на оваа асоцијација. Резултатите од низа студии (според Tangney et al., 2007) се прилично конзистентни; тенденција кон срам е во позитивна корелација со лутина, непријателството и обвинување на другите за што постојат емпириски докази (Andrews, Brewin, Rose, & Kirk, 2000; Bennett, Sullivan, & Lewis, 2005; Harper, Austin, Cercone, & Arias, 2005; Harper & Arias, 2004; Paulhus, Robins, Trzesniewski, & Tracy, 2004; Tangney & Dearing, 2002). Меѓутоа, поединци кои доживуваат срам немаат само тенденција кон лутина, туку и својата лутина може да ја манифестираат на неконструктивен начин задржувајќи ја само за себе. Тоа може да доведе до зголемување на срамот, кој последователно води директно назад кон лутината и понатаму во деструктивното однесување како агресија, која може да биде изразена и во друга поиндиректна форма, односно „срам-лутина спирала“, како што ја опишале Луис (Lewis, 1971) и Шеф (Scheff, 1987, според Stuewig & Tangney, 2007). Притоа, сликата за реалноста е искривена, а себството е празно. Со оглед на ваквата емпирија, можеме да забележиме два предизвици кои би имале ефект врз ефикасноста на инструментите. Прво, задржувањето на лутината може да доведе до намалено детектирање на истата користејќи го мерниот инструмент и второ, изразувањето на агресија која резултира од срам-лутина спиралата може да биде во форма или околности кои мерниот инструмент не е дизајниран да ги детектира. Ова ја потенцира потребата од користење на податоци од други извори.

***Агресија – помагање и кооперативност***

*Варијаблата срам нема предиктивна моќ за поткритериумската варијабла агресија – помагање и кооперативност.* Добиените податоци се во склад со постоечките емпириски податоци, каде емпатијата претставува основна компонента во помаѓање и соработка со другите и соодветно на тоа мерниот инструмент ги содржи тврдењата во супскалата која ја мери истата. Дополнително, срамот не овозможува индивидуата да формира емпатични врски со другите, може само да ја наруши и има посиромашно себство

(Joireman, 2004; Leith & Baumeister, 1998; Tangney, 1991, 1995; Tangney & Dearing, 2002; Tangney et al, 1994, според Tracy, Robins, & Tangney, 2007). *Емпатијата* е *негативно поврзана со* голем број на асоцијални однесувања меѓу кои и *агресивност*а (Jolliffe & Farrington, 2004; Miller & Eisenberg, 1988, според Stuewig & Tangney, 2007). Истражувањата потврдија дека наместо промовирање кон другите ориентиран емпатична загриженост, акутниот фокус на себството при доживување на срам и неговата огромна болка од самоосуда за себство во глобала и загриженоста за оценката на другите за неговото себство, кон поединецот поттикнува реакции на лична вознемиреност  и затоа срамот не е компатибилен со емпатични реакции кои се ориентирани кон другите (Tangney, 1991, 1995b; според  Tangney & Dearing, 2002).

**МОРАЛНО ЧУВСТВО ВИНА**

***Агресија – лутина; Агресија – насилство и Агресија - помагање и кооперативност.***

Чувството на вина е *потврдено како значаен предиктор на поткритериумот агресија – лутина,* во насока согласно хипотезата (корелацијата е негативна т.е. понизок скор на моралното чувство на вина е поврзан со повисок скор на агресија – лутина и обратно). Како поединечен предиктор, збирот на оваа мерка може да биде од корист при предвидување на однесувањето на испитаникот на сите три покритериуми – *а агресија – насилство (задевање и заплашување), агресија - лутина и агресија – грижа и кооперативност* (во сите три случаи согласно насоката на хипотезата).

Податоците се во согласност со постоечката емпирска и теоретска литература. Истражувањата посочуваат дека: поради тенденција на вината да инволвира поартикулирана негативна евалуација на сопствено специфично однесување, докажано од многу истражувања (Lewis, 1971; Tangney, 1990; Tangney & Dearing, 2002; Lewis, 2005; Tracy & Robins, 2004; според Tangney, Stuewig, & Mashek, 2007) одговорноста за несоодветното однесување, во најмала рака ќе го насочи  кон менување на однесувањето и извинувањето; тенденцијата кон вина го намалува инклинирањето кон агресија (Tangney, Wagner, Hill-Barlow, Marshall, & Gramzow, 1996), при што испитаниците постојано се негативно поврзани со вербална и физичка агресија (Tangney, Wagner, Marschall, и Gramzow, 1991). Студиите се прилично конзистентни во тоа дека тенденцијата кон вина незначително или негативно е асоцирана со

лутината (според Tangney et al., 2007). Всушност, *лутината има адаптивна и конструктивна функција* особено кај луѓето кои имаат тенденција кон вина (Averill, 1982; според Tangney & Dearing, 2002). Истражувачите, конзистентно тврдат дека постои синергетско дејство помеѓу вина и емпатија (Eisenberg, 1986; Hoffman, 1982; Zahn – Waxler & Robinson, 1995; според Tangney & Dearing, 2002). Огромен број на *теоретска и емпириска* литература потврдуваат дека *емпатијата* го поттикнува алтруистичкото однесување (Eisenberg, 1986, 2000; Eisenberg at al., 1996; Feshbach, 1975b, 1978, 1987 ; Feshbach & Feshbach, 1986; Eisemberg & Miller, 1987); ги поттикнува блиските интерперсонални односи но ја инхибира интерперсоналната агресија (Eisemberg, 1996, 1982, 1986; Sarni, 1999; Miller & Eisenberg, 1988); таа е круцијална *компонента* во функционални односи родител – дете (Feshbach, 1987), како и во други вреднувани интеракции (според Tangney & Dearing, 2002). Дополнително, вината влијае и врз значаен број на релациите- предиспозициите за бесрамна вина била позитивно корелирана со конструктивни стратегии за менаџирање со лутината и конфликтот (Baumeister et al. 1994). Умерено болно чувство *на вина* во врска со специфично однесување ги *мотивира луѓето* да се однесуваат грижливо, морално, на социјално одговорен начин, при што постапките се насочени кон репаративна акција (според Tangney & Dearing, 2002) во дванаесетгодишна семејна студија утврдено е дека вина, срам и емпатија се стабилни морални чувства во временски период од 8 години (според Tangney & Dearing, 2002). Претходно наведеното ги потенцира ефектите на вината врз грижата и кооперативноста и соодветниот ефект врз лутината и насилството

**ВОЗРАСТ**

Истражувањето покажа дека ***возраста*** *како дел од моделот се покажа како значаен предиктор на поткритериумот* ***агресија – насилство*** (повисоката т.е. адолесцентната возраст е поврзана со повисоки резултати на агресија – насилство), а за поточна предикција кај овој поткритериум може да послужи и како поединечен предиктор и припадноста кон адолесцентната возрасна група при што ја зголемува веројатноста за припаѓање кон категоријата „висока“ агресија – насилство за повеќе од три пати, а припадноста кон машкиот пол за осетно повеќе од двојно. Возраста се зема како значаен фактор во сите развојно

психолошки теории и истражувања бидејќи моралноста се развива интензивно во период на адолесценција под дејство на когницијата, себството и социјализацијата (Фрицханд, 2010; 2011). Наодите од студија на Фрицханд (2010) меѓу другото заклучуваат дека, моралноста е формативен елемент на идентитетот на личноста, со возраста се зголемува и моралноста кај адолесцентите бидејќи моралната слика за себе е „срцевина на моралниот идентитет“ и колку тој е „позаситен со морални вредности“, толку адолесцентот ќе остане доследен во практикување на вредностите при морално однесување особено кога се наоѓа во решавање на сериозни морални дилеми.

***Агресија – насилство***

Добиените податоци дека ученици од адолесцентната возраст (средна адолесценција) во однос на децата (средно и доцно детство) вклучително и машките адолесценти во однос на женските имаат поголема можност да припаднат кон категоријата „висока“ агресивност – насилство. Емпириската и теориската литература посочуваат: адолесценција е критичен, бурен и динамичен период на развој во кој се одвиваат драстични промени во сите аспекти од развој на личноста: анатомско-физилошки, социо-емоционални и сознајни; хормоните во организмот на адолесцентите предизвикуваат биолошки и психолошки промени и основна задача е приспособување и прифаќање на истите; брзината со која се одвиваат промените како и природа на тие промени се манифестираат во однесување на адолесцентите, меѓу кои и интензивни мозочни промени – процес на синаптогенеза што се манифестира во однесувањето (Abbott, 2005; Berger, 2008; Blakemore, 2008; според Fitzhand, 2011г); постапките на адолесцентите повеќе се водени од емоционалната и реактивна амигдала, помалку од промислениот логичен фронтален кортекс и од тука поголема е веројатноста адолесцентите погрешно да ги толкуваат социјалните знаци и емоции, да реагираат импулсивно, да се вклучуваат во тепачки или други форми на опасно и ризично однесување (Narvaez & Vaydich, 2008; според Fitzhand,, 2011 г).

Во адолесценција интензивно се реорганизира себството; се менува улога на поедини агенси на социјализација и се создаваат нови предизвици, се менува контекстот во кој се развива адолесцентот – ново училиште, нови работни задачи, нови другари (Fitzhand, 2011); кризата се зголемува ако

социјалната средина е деликвентна бидејќи во неа се огледува адолесцентот и преосетливоста може да доведе до нарушување на менталното здравје. Истражувањата укажуваат на тоа дека ефектите од врсничко малтретирање, отфрленост и понижување (Harter, 2006; според Фрисханд, 2012) како и ефектите од нефункционалниот однос на родителите кон детето (занемарување, злоставување, неемпатичност и незадоволување на потребите на детето) предизвикуваат потиснување на вистинската слика за себе кај адолесцентот што од друга страна резултира во депресија, анксиозност, безнадежност, не прифаање на самиот себе и агресивни тенденции кон самиот себе и другите (Bleiberg, 1984; Harter 1999; Stem, 1985, Winnicott, 1958, 1965; според Harter, 2006; според Фрицханд, 2012). Кај адолесцентите кои манифестираат асоцијално и антисоцијално однесување, присутен е искривен систем на морални вредности, имаат намалена лична и општествена одговорност, креативност и активност (Киткањ, 2009; според Фрисханд, 2012). Во адолесценцијата евидентна е појавата на зголемени конфликти со родителите во процес на индивидуација, отворена хипокризија, претерано аргументирање за настани, зголемена преосетливост за надворешни промени и потреба за заштита на себството, подготовка за ново занимање и избор на занимање. За емоционална поврзаност на адолесцентите со родителите сведочат повеќе истражувања, при што и самите адолесценти известуваат дека тие лесно се одделуваат од родители на физички план, но потешко на емоционален план ( Шкариќ, 2009). Социјалните мрежи каде има постојано вербално насилство и исмејување кај адолесцентот може да предизвикаат краткорочни и долгорочни психолошки проблеми како што е револт и асоцијално однесување или повлекување, отфрлање од групата, слаби постигања и успех на училиште, планирање или обиди за суицидалност или агресија кон членови на семејството (Фрицханд, 2019).

Агресивноста е резултат на изложувањето на организмот на фрустративни искуства и поткрепувањето (пофалба или прекор), при што постои можност за зголемување или намалување на количината на агресивното однесување во хиерархијата на другите однесувања (Feshbash, 1970; според Мурџева-Шкариќ, 1984). Почесто јавување на агресивно однесување кај момчињата не се должи на биолошки фактори, туку тие се културно-историски

условени, а во тек на индивидуалниот развој се стекнуваат диспозоции или тенденции за агресивно однесување по пат на социјално учење; личното искуство и социјалното учење ги определуваат зачестеноста и интензитетот со кои се јавува агресивното однесување. Врски со блиски пријатели им обезбедува чувството на сигурност и поддршката и имаат влијание на адолесцентот при размислува за себе и како ги процесира информациите од средината (McDonald, Wang, Menzer, Rubin & Booth-LaForce, 2011). Во едно од истражувањата во Македонија е утврдена значајна статистичка разлика меѓу вредностите на адолесцентите и нивните родители, при што, адолесцентите имаат полиберални морални ставови од нивните родители;  присутна е појавата на суспензија на вредности (помало претпочитување на чесност, совесност, великодушност и помагање); намалување на просоцијална ориентација и сите испитаници посакале враќање на изгубените вредности и општествената сигурност. Состојбите, се објаснуваат со бурни структурни и културни промени во општествените услови на живеење, кое може да доведе и до зголемување на насилството (Фрицханд, 2007; според Мурџева-Шкариќ, 2009).

**ПОЛ**

Полот како *дел од моделот е потврден како значаен предиктор на поткритериумите агресивност – насилство и агресивност-грижа и кооперативност,* во двата случаи во насока согласно хипотезата (женскиот пол е поврзан со пониски резултати на агресија – насилство и повисоки на агресија – грижа и кооперативност). Практично, *полот се покажа како најдобар предиктор од сите предиктори во сетот, на два од трите поткритериуми,* и како што беше констатирано во елаборацијата на резултатите, ако е познат полот, тогаш е релативно излишно во моделот да се уфрлаат другите предиктори од сетот. Како поединечен предиктор, полот може да биде од корист при предвидување на однесувањето на испитаникот на мерката на истите два поткритериуми т.е. агресија – насилство и агресија – грижа и кооперативност.

*Агресија - насилство*

Половите разлики во однос на агресијата се цврсто докажани во истражувањата на Кровел (Crowell, 1987) и Игли и Стефин (Eagly & Steaffin, 1986) (според Vasta et al, 2005), Постои значителна варијабилност во резултатите од истражувањата, во зависност од методите кои се користат за да се мери агресијата, како и од индивидуалните особини на адолесцентите во групата на испитаници (Estevez, Povedano, Jimenez & Musitu, 2012). Половите разлики во физичката агресија значајно варираат помеѓу различни земји, со поголема варијација меѓу девојчињата отколку момчињата. Соодветно, ваквите индикации треба да се гледаат во културен и историски контекст, со оглед дека концептите за тоа што е насилство варираат културно и историски (Maunder & Crafter, 2018). Кампер-Де Марко и Остров (Kamper-De Marco & Ostrov, 2019) ја афирмираат вредноста на полот како варијабла во нивните истражувања за агресивно однесување и односите помеѓу врсниците. Половите разлики во насилството често се толкуваат во контекст на полова социјализација и нормативни очекувања за однесување кај момчињата и девојчињата. Феликс и Грин (Felix & Green 2010; според Smith, López-Castro, Robinson, & Görzig, 2019), на пример, ова го интерпретираат според начинот на кој децата се социјализирани за да ја перципираат и користат моќта во социјалните односи. Како докази дека поголемата агресивност кај машките има биолошки корени, Мекоби и Џеклин (Maecoby & Jacklyn, 1974; според Мурџева-Шкариќ, 1984) ги наведуваат следниве аргументи: нивото на агресивност зависи од половите хормони; постои сличност во манифестирањето на половите разлики во агресивноста меѓу човекот и субхуманите примати и интеркултурно гледано, агресивноста е универзална. Истите автори како докази навеле дека момчињата се повеќе биолошки подготвени да го научат агресивното однесување, ги наведуваат и сознанијата кои произлегуваат од повеќето истражувања, според кои не постои согласност дека возрасните повеќе ја поткрепуваат агресивноста кај момчињата од онаа кај девојчињата. Мурџева-Шкариќ (1984) заклучува дека: агресивното однесување во една ситуација на интеракција зависи од очекувањата што постојат во врска со улогите на единките во определена група; почесто јавување на агресивно однесување кај момчињата не се должи на биолошки фактори, туку тие се културно-историски

условени, а во тек на индивидуалниот развој се стекнуваат диспозиции или тенденции за агресивно однесување по пат на социјално учење; личното искуство и социјалното учење ги определуваат зачестеноста и интензитетот со кои се јавува агресивното однесување.

***Агресија - грижа и кооперативност***

Во прилог на добиениот податок дека учениците (деца и адолесценти) од женскиот пол е поврзан со повисоки резултати на субкритериумската варијабла агресија – грижа и кооперативност се следните податоци од истражувања и литературата: Во едно од истражување потврдено е дека женските испитаници имаат желба и мотивација да бидат добри личности - моралноста кај женските испитаници зазема поцентрално место во слика за себе во однос на припадници од машкиот пол, со зголемување на возраста се зголемува способноста за идентификување и објаснување на добри и лоши постапки и при дескрипција на морална слика за себе, почесто централно *место имаат моралните вредности;* во рана, средна и доцна адолесценција*, женските испитаници имаат поголема способност за идентификување и објаснување на добри и лоши постапки во однос на машките*, додека во однос на морална слика за себе кај машките и женските адолесценти постои значајна разлика во однос на доблеста добра нарав која за машките има поголемо значење во однос на женските (Фрицханд, 2012). Во друга студија (Фрицханд, 2010) утврдено е дека женските во однос на машките, адолесценти, покажуваат поголема способност да ги идентификуваат и да ги објаснат добрите и лошите постапки што е во согласност и со други студии (пр. Gilligan, 1982; Haviv and Lemon, 2002; Rest, 1974, 1975; Rest and Thoma, 1985; Skoe et al.,1999; Thoma, Bebeau and Boland, 2008; Thoma, Hestevolt and Sargent, 2008; Walker, 1991; според Фрицханд, 2010). Во истата студија утврдено е дека адолесцентките во однос на адолесцентите, се почувствителни на различни интерперсонални односи, манифестираат повисока способност да се стават во туѓа позиција, поподготвени се ситуацијата да ја анализираат од повеќе аспекти и покажуваат повисока способност при препознавање на моралните вредности како што се чесност, посветеност, искреност, одговорност и слично. При социјализација уште во детството, адолесцентките ги насочува да бидат мирни, послушни, чесни, одговорни и ориентирани кон другите, додека машките се насочувач да бидат физички

силни, бучни, доминантни и разбирливо е што социјализацијата и биолошките фактори се во интеракција (Фрицханд, 2010).

Во истражувањето за врсничко насилство кај адолесценти од трета и четврта година во македонските средни училишта утврдиле дека девојчињата, за разлика од момчињата, сметале дека насилството е поприсутно во нивното училиште и постои силна корелација меѓу полот и перцепцијата за слученото насилство меѓу врсниците (Петковска и Николовска, 2022).

Некои автори посочуваат дека девојчињата повеќе ја вреднуваат поддршката, помагањето, решавањето на проблемите и интимност, во однос на момчињата. Роуз и Рудолф (Rose & Rudolph, 2006) посочуваат дека постојат значајни разлики меѓу половите во однос на процесите асоцирани со врсниците. Девојчињата се инволвирани во повеќе просоцијални интеракции, карактеризирани со социјални разговори и искреност  и постои тенденција да ја нагласуваат важноста на целите ориентирани кон создавање на односите. Соодветно, односите меѓу девојчињата може да придонесат за развојот на интимни врски и да го инхибираат антисоцијалното однесување, но како негативна страна може да ја зголемат осетливоста кон емоционални тешкотии. Момчињата, од друга страна, вршат интеракција во поголеми групи со добро дефинирани хиерархии, инволвирани  во компетитивна игра, ја нагласуваат важноста на самоинтересот и целите за доминација и се изложени на подиректна физичка и вербална агресија од страна на врсниците. Во поширок контекст,. Како што наведуваат, девојчињата имаат тенденција да поминуваат повеќе од нивното време во интеракција во дијадични пријателства отколку во големи групни интеракции.

**КВАЛИТЕТ НА ДРУГАРСТВО**

*Квалитетот на другарство како дел од моделот не е потврден како значаен предиктор на агресивното однесување, на ниту еден од трите покритериуми*. Како поединечен предиктор, може да биде од корист при предвидување на однесувањето на испитаникот на мерката на поткритериумите агресија – насилство и агресија – грижа и кооперативност (во двата случаи согласно насоката на хипотезата).

*Агресија - насилство*

Квалитет на другарството има мала моќ на предикција за поткатегоријата агресија – насилство кај деца и адолесценти.

Поедини истражувачи посочуваат дека високо квалитетните другари имаат позитивни ефекти врз ученикот, како што се: просоцијално однесување, развој на лојалност, интимност, самодоверба и способност да се соочат со стресовите (Hartup & Stevens, 1999; според Шурбановска, 2018). Други пак истражувачи, при нивната дијадична анализа на квалитетот на другарството, заклучиле дека адолесцентната агресија е негативно поврзана со вреднувањето и решавањето на конфликтите, додека агресивното однесување на другарот е позитивно поврзано со појава на конфликтите (McDonald, Wang, Menzer, Rubin & Booth-LaForce, 2011). Истражувачите заклучиле дека поврзаноста помеѓу агресијата кај адолесцентите и просоцијалното однесување имала предиктивен карактер за степен на квалитетот на другарството (Malti, McDonald, Rubin, Rose-Krasnor & Booth-LaForce, 2015). Истражувачите од истражувањето за влијание на квалитетот на другарство врз појава на агресија помеѓу адолесцентите заклучиле дека размислувањата на адолесцентите од аспект на квалитетно другарство влијаат инхибирачки врз појава на агресијата, при што степенот на ниската доверба ја намалува резилиентноста кон појава на агресија (Malti, McDonald, Rubin, Rose-Krasnor & Booth-LaForce, 2015). Хенебергер, Кофман и Гест (Henneberger, Coffman & Gest, 2017) го истражувале степенот до кој врсниците влијаат врз појавата на агресија и констатирале дека 25% од целокупното влијание кое го имаат врсниците може да се објасни со селекцијата на агресивни пријатели, како ризик фактор за понатамошната појава на агресијата, во контекст на останатите варијабли кои исто така би можеле да влијаат врз развојот на агресијата. Поради комплексноста на интеракциите во другарствата може да се забележат и исходи кои се неочекувани и покрај присуството на агресивното однесување, како на пример, во случаи кога адолесценти употребуваат пристап со двојна стратегија (наизменична употреба на просоцијално и агресивно однесување) во својата интеракција, при што се создаваат пријателства и покрај постоење на агресивно однесување (Hawley, Little & Card, 2007).

*Агресија - грижа и кооперативност*

Податоците од истражувањето се поддржани од истражувачка и теоретска литература. Според истражувањата, во дескрипциите за другарство, посебно кај девојчињата преовладуваат: верност, самооткривање и доверба; *чувството на припаѓање и социјалнто прифаќање, интимност, конформизам и позиција во групата* (Мурџева-Шкариќ, 2004; според Шурбановска, 2018). Во интеракција со врсниците се развива *алтруизам, емпатичност и одржување* на другарството (Шурбановска, 2018). Со возраста се зголемува искреноста, ексклузивитетот, чувствителноста и заедничките активности кои се поприсутни во самоописот кај девојчињата во однос момчињата (Sharabany, 1994; според Шурбановска, 2018). Основа на другарство се *реципроцитетот, заемното разбирање и дискусијата* и затоа адолесцентите разговараат и ги анализираат своите чувства и се почесто минуваат низ романтични врски (Мурџева-Шкариќ, 2004).

## ОГРАНИЧУВАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ЗА ПОНАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА

Постојат повеќе ограничувања кои што можеле да делуваат како детерминанти на посочените резултати.

Пред сѐ, тука е можната недоволна етаблираност на избраниот мерен инструмент за критериумската варијабла, којашто во еден дел на овој примерок покажува проблематична интерна конзистентност, а поради што од анализите беше комплетно исфрлена една од изворните четири супскали т.е. агресија-борбеност.

Од иста насока доаѓа уште еден проблем: потврдената изразита дисторзија во нормалноста на дистрибуциите на континуираните мерки (сите употребени мерни инструменти, речиси без исклучок) диктира драстично решение: императивна бинарна конверзија кај мерките на зависната варијабла (агресивност) од интервални кон номинални (ниска-висока), овде пресметана конвенционално, според медијаната како граничен скор. Без оглед на евидентната нужност од ваквиот статистички чекор во дадената ситуација, истиот по дефиниција носи многу проблеми и како таков е „нужно зло“ т.е. непосакуван и непрепорачлив.

Трет можен аргумент за проблематизирање на тежината на резултатите од оваа студија би можела да биде локалната структура на примерокот, избран од компактна локална средина (град Куманово, две училишта), што во секој случај ја проблематизира вредноста на добиените наоди како основа за поширока генерализација, надвор од локалната социо-културна матрица.

**РЕЗИМЕ**

Магистерскиот труд претставува обид да се истражи заедничката и поединечна поврзаност на моралните чувства срам и вина, пол, возраст и квалитет на другарството со агресивното однесување кај децата од училишна возраст и адолесцентите.

Теренскиот дел на истражувањето е реализиран во период од февруари заклучно со април во тек на 2022 година, во простории на претходно наведени училишта во Куманово. Пред спроведување на истражување со учениците беа реализирани контакти за соработка со раководни органи на училиштата и обезбедување на согласност од родителите за учество на учениците во истражувањето.

Достапна популација се ученици од возрасна категорија средно и доцно детство (8-12 години) од ООУ „Крсте Мисирков“ од градот Куманово, и ученици од возрасната категорија средна адолесценција (15-18 години) од СУГС Гимназија „Гоце Делчев“, од градот Куманово. Прелиминарен план беше да се опфати примерок од приближно 200 ученици, односно по 100 ученици од двете возрасни групи, но поради високиот степен на отповикување на кооптираните ученици, бројот на испитаници излезе нешто поголем (N=291) и тоа 173 женски и 118 машки од кои 121 училишни деца и 170 адолесценти. Податоци се собираа на пригоден начин.

Во ова квантитативно истражување користени се следниве мерни инструменти: Тестот за самосвесни чувства кај децата Tosca-C (Test of Self-Conscious Affect for Children), Тестот за самосвесни чувства кај адолесцентите Tosca-A (Test of Self-Conscious Affect for Adolescents), Прашалникот за мерење на квалитетот на другарството (Friendship Quality Questionnaire), и Скалата за мерење на агресивното однесување, модификувана верзија (Modified Aggression Scale).

Според структурата на мерните инструменти, во истражувачката матрица на податоци доминираат континуирани варијабли, какви што се резултатите на скалите на агресивност, моралните чувства срам и вина, заклучно со прашалникот за квалитетот на другарството. Номиналното ниво на мерење е застапено преку варијаблите пол и возраст.

Предиктивната сила на сетот предиктори како истражувачки проблем подразбира користење на регресијата како главна статистичка процедура. Како помошни статистички алатки користени се вообичаени мерки од доменот на дескриптивната статистика. Анализите се спроведени во статистичкиот пакет *IBM SPSS 25 (Statistical Package for the Social Sciences)*

Очекувањата базирани на литературата и истражувањата беа дека *повисоко изразеното чувство на срам, пониско изразеното чувство на вина, пониското квалитет на другарство, помалата возраст и припадноста кон машкиот пол предвидуваат повисок степен на агресивно однесување кај деца од училишна возраст и адолесценти*. Наодите од истражувањето делумно ја потврдија хипотезата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Andrews, B., Brewin, C. R., Rose, S., & Kirk, M. (2000). Predicting PTSD symptoms in victims of violent crime: The role of shame, anger, and childhood abuse. *Journal of Abnormal Psychology, 109,* 69–73. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 371-388). Guilford Press.

Barrett, K. C. (1995). A functionalist approach to shame and guilt. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 283-309). Guilford Press.

Bennett, D. S., Sullivan, M.W., & Lewis, M. (2005). Young children's adjustment as a function of maltreatment, shame, and anger. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 371-388). Guilford Press.

Bosworth K, & Espelage D. (1995). *Teen Conflict Survey*. Center for Adolescent Studies, Indiana University.

Broekhof, E., Bos, M., & Rieffe, C. (2021). The roles of shame and guilt in the development of aggression in adolescents with and without hearing loss. *Research on child and adolescent psychopathology*, *49*(7), 891–904. https://doi.org/10.1007/s10802-021-00769-1

Eisenberg, N. (2000). Emotion, regulation, and moral development. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 114-133). Guilford Press.

Estévez, E., Povedano, A., Jiménez, T. I., & Musitu, G. (2014). Aggression in adolescence: A gender perspective. In A. M. Columbus (Ed.), *Advances in psychology research* (pp. 71–91). Nova Science Publishers.

Fanti, K. A., Brookmeyer, K. A., Henrich, C. C., & Kuperminc, G. P. (2009). Aggressive behavior and quality of friendships: Linear and curvilinear associations. *The Journal of Early Adolescence, 29*(6), 826–838. https://doi.org/10.1177/0272431609332819

Ferguson, T. J., Stegge, H., Miller, E. R., & Olsen, M. E. (1999). Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 209-223). Guilford Press.

Фрицханд, А. (2010). Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолеценција. *Докторска дисертација*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Скопје

Fritzhand, A. (2011). Ispitivanje moralnog mišljenja adolescenata putem posrednih koncepata *Psihološka Istraživanja* 0352-7379. XIV. 67-84.

Фрицханд, А. (2012). Моралната себеперцепција на адолесцентите. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* Скопје, бр. 65, стр. 124-139.

Фрицханд, А. (2019). Психолошки аспекти на меѓуврсничкото насилство во училиште и ефекти врз развојот на децата и адолесцентите. *Списание за теорија и практика на образованието Просветно дело*, 72, 2, 16-33. UDK:37.06-057.874:316.624.3.

Gilligan, J. (1996). Exploring shame in special settings: A psychotherapeutic study. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 371-388). Guilford Press.

Harper, F.W. K., & Arias, I. (2004). The role of shame in predicting adult anger and depressive symptoms among victims of child psychological maltreatment. Во J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 21-37). Guilford Press.

Harper, F.W. K., Austin, A. G., Cercone, J. J., & Arias, I. (2005). The role of shame, anger, and affect regulation in men's perpetration of psychological abuse in dating relationships. Bo J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 21-37). Guilford Press.

Hawley, P. H., Little, T. D., & Card, N. A. (2007). The allure of a mean friend: Relationship quality and processes of aggressive adolescents with prosocial skills. *International Journal of Behavioral Development, 31*(2), 170–180. https://doi.org/10.1177/0165025407074630

Henneberger, A. K., Coffman, D. L., & Gest, S. D. (2017). The Effect of Having Aggressive Friends on Aggressive Behavior in Childhood: Using Propensity Scores to Strengthen Causal Inference. *Social development (Oxford, England)*, *26*(2), 295–309. https://doi.org/10.1111/sode.12186

Joireman, J. (2004). Empathy and the self-absorption paradox II: Self-rumination and self-reflection as mediators between shame, guilt, and empathy. Bo J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), *The self-conscious emotions: Theory and research* (pp. 21-37). Guilford Press.

Jolliffe, D., & Farrington, D. (2004). Empathy and offending: A systematic review and meta-analysis. Bo J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), The self-conscious emotions: Theory and research (pp. 371-388). Guilford Press.

Kamper-DeMarco, K. E., & Ostrov, J. M. (2019). The Influence of Friendships on Aggressive Behavior in Early Childhood: Examining the Interdependence of Aggression. *Child psychiatry and human development*, *50* (3), 520–531. https://doi.org/10.1007/s10578-018-0857-x

Kochanska, G., Barry, R. A., Jimenez, N. B., Hollatz, A. L., & Woodard, J. (2009). Guilt and effortful control: Two mechanisms that prevent disruptive developmental trajectories. *Journal of Personality and Social Psychology, 97,* 322–333. https://doi.org/10.1037/a0015471

Lagattuta, K.H & Thompson, R.A. (2007). The Development of Self-Conscious Emotions: Cognitive Processes and Social Influences. In J. L. Tracy, R. W. Robins, & J. P. Tangney (Eds.), The self-conscious emotions: Theory and research (pp. 91-113). Guilford Press.

